

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
# ЗА 9 ОДДЕЛЕНИЕ
## деветгодишно основно образование



# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
# ЗА 9 ОДДЕЛЕНИЕ
## деветгодишно основно образование

**Издавач:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Наслов на учебникот:**
**МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 9 (деветто) ОДДЕЛЕНИЕ**
деветгодишно основно образование

**Автори:**
Славјанка Димова
Вера Ангеловска
Марина Васиќ - Стефановска

**Рецензенти:**
-Проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска - Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател
-Тони Патровски - ООУ „Невена Георгиева - Дуња“ во Скопје – член
-м-р Вулнет Таири - ООМУ „Енвер Стафаи“ во Гостивар – член

**Јазичен лектор:**
-Татјана Нанкова – ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ - Скопје

**Техничка подготовка:**
Славјанка Димова

**Стручна редакција:**
Дардан Браими

**Графичко и техничко уредување:**
Арбериа Десигн - Тетово (Куштрим Арифи)

Со одлука на Националната комисија за учебници за основно и средно образование при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, со дел, бр. 26-326/3 од 25.05.2021 година, се одобрува употреба на овој учебник.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
373.3.016:78(075.2)=163.3
ДИМОВА, Славјанка
Музичко образование за 9 одделение : деветгодишно основно образование / [автори Славјанка Димова, Вера Ангеловска, Марина Васиќ-Стефановска]. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022
Текст во PDF формат, содржи 101 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 10.02.2022
ISBN 978-608-273-032-5
1. Ангеловска, Вера [автор] 2. Васиќ-Стефановска, Марина [автор]
COBISS.MK-ID 56315397

**Наставни теми**



### Изведбени активности

Пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко изразување и творење.



### Слушање музика

Слушање на музичко - сценски дела, обработка на оперски и балетски дела, оперета и мјузикл. Слушање филмска музика од домашни и странски автори. Запознавање со музичките жанрови: џез, блуз, RnB, хип - хоп, рап, рокенрол и поп.



### Музичка писменост

Усвојување на тонската скала G-dur, скалата d-moll (природен, хармонски и мелодиски вид), знак снижувалка (бемол), синкопа и нерамноделен 9/8 такт.



### Народно музичко творештво

Запознавање со традицијата и обичаите на својот народ и народите кои живеат во нашата држава (свадбен циклус, народни носии, народна музика во модерни музички жанрови).

# „Земјо моја, личен крају мој“

(по слух)

Музика: Драган Шуплевски







Детството мое како в бајка
минува во радост, пој
љубов наша - радост твоја
личен крају мој.

Рефрен: Расти цути.......

Ако треба да те бранам,
земјо и ако сум млад
детството мое, игри мои
за тебе би ги дал.

Рефрен: Расти цути.....

1.Опиши ги убавините на твојот роден крај.

# „What a wonderful world“

## (Колку прекрасен свет)

(по слух)

Текст и музика
George David Weiss
Bob Thiele






1.Истражувај за животот на Луис Армстронг.

# „Nënë Terezë, moj nënëz-o“
# „Мајко Тереза, мори мајко“

(по ноти)

Muzika: Musa Piperku
Tekst: Mila




| **Nënë Terezë, moj nënëz-o** | **Превод на македонски јазик** |
|---|---|
| I<br>Si p’ llumbesh’ shtegton në bot’<br>ti bën mir e ndihmon<br>her’ si gonxhe, her’ si hënë<br>na jep gaz, ti moj nënë hej.<br><br>II<br>Që nga jugu në veri<br>naj i mbush zemrat dashuri<br>nënëz-o, moj nënëz-o<br>nën’ Terez’ nënëz-o, nën<br>Terez’ moj nënëz-o<br>nënëz-o. | **„Мајко Тереза, мори мајко“**<br><br>Како гулаб што лета низ светот,<br>ти правиш добрина и помагаш.<br>Час како пупка, час како месечина,<br>ни даваш насмевка ти мајко.<br><br>Рефрен<br><br>Од југ до север,<br>ни ги полниш срцата со љубов.<br>Мамичке мори мамичке,<br>мајко Тереза, мори мамичке. |

1 Пеј ја мелодијата на песната по ноти и точно ритмички.
2 Истражувај за животот на Мајка Тереза.



# Знаци за промена на тонската висина
## снижувалка - бемол



Да се потсетиме...

Понекогаш е потребно да се промени висината на тонот. За снижување на висината на тонот се употребува снижувалка (бемол).Снижениот тон звучи за половина степен пониско.

На абецедното име на снижениот тон се додава наставка **es.**

♭ **снижувалка или бемол**

**наставка** ES

**C+es =Ces; D+es=Des; E+es= Es; F+es=Fes;**

**G+es= Ges; A+es=As; H+es=Hes/**B



Снижените тонови можат да се вратат на претходната висина, да се разрешат со знакот **бекар или разрешувалка.**

**Бекар или разрешувалка** ♮

Знаците за промена на тонската висина можат да стојат пред самиот тон или на почетокот на петолинието.

Мелодиска вежба





1.Во мелодиската вежба именувај ги тактовите во кои има знаци за промена на тонската висина.

## „MANASTIR TÜRKÜSÜ“
## „Среде Битола“
(по слух)




**Превод на македонски јазик**

### „Среде Битола“

Среде Битола има убава фонтана
Покрај фонтана собрани, убави горди моми.
Свириме, пееме и се додворуваме.

Среде Битола има една чешма, убава чешма.
Покрај чешма лични моми, која од која поубава.
Свириме, играме и се додворуваме.




1. Одреди го карактерот на мелодијата на песната.
2 Класифицирај ја песната според содржина.



# Дурски тонски скали

Да се потсетиме...




| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| до1 | ре1 | ми1 | фа1 | сол1 | ла1 | си1 | до2 |
| c1 | d1 | e1 | f1 | g1 | a1 | h1 | c2 |

**Скалата C-dur** го добила името според абецедното име на почетниот тон **C**. Секоја дурска скала има ваков распоред на цели и половина степени:

**I ‿ II ‿ III ∧ IV ‿ V ‿ VI ‿ VII ∧ VIII**

**Знак за цел степен** ‿ **Знак за половина степен** ∧

Од тонот на **V-то** (петото) стапало на **C-dur** веќе ја откривме скалата **G-dur**. За правилен распоред на цели и половина степени, го повишивме тонот на **VII-то** стапало **(F** во **FIS).** Оваа скала припаѓа на групата тонски скали со повишувалки.

За да се создаде нова дурска скала, тонот на **IV-то** (четвртото) стапало на **C-dur** станува **I-во** (прво) стапало на новата тонска скала.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **C** | **D** | **E** | **F** | **G** | **A** | **H** | **C** |
| **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** |
| | | | **F** | **G** | **A** | **H** | **C** |
| | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** |

За правилен распоред на цели и половина степени (помеѓу тоновите на **III-то – IV-то** и **VII-то – VIII-то** стапало) во добиената скала, потребно е да се промени висината на тонот на **IV-то** стапало. Во овој вид на тонска скала го употребуваме знакот **бемол** (снижувалка).

Знакот **бемол** го снижува тонот за **половина степен.**
Снижените тонови добиваат наставка **es.**
**Пример: c-ces, d-des, e-es, f-fes, g-ges, a-as, h-hes (b),**

# Начин на создавање на дурски скали со бемоли

Новата дурска скала ја создаваме од тонот на четвртото стапало на C-dur скалата. Од новооткриената скала, постапката за откривање на други дурски скали со знаци за снижување (бемоли) е иста.




**Запомни**
Дурските скали со бемоли се откриваат од тонот на **IV-то стапало** на претходната скала.



# F-dur скала

Да се потсетиме ...

Тонот што се наоѓа на **IV-то** стапало во **C-dur** ќе биде почетен тон на новосоздадената дурска скала.

**C-dur скала**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **C** | **D** | **E** | **F** | **G** | **A** | **H** | **C** |
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| нова скала | **F** | **G** | **A ?** | **H ?** | **C** | **D** | **E** | **F** |
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** |

Во дадениот пример распоредот на половина степените не е правилен.
Правилниот распоред на половина степени во дурските скали е помеѓу **III-то – IV-то** и **VII-то – VIII-то** стапало.
За да се добие правилен распоред на цели и половина степени, тонот **h** на **IV-то стапало,** се снижува за половина степен со предзнакот **бемол** во **Hes (B).**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **F-dur** скала | **F** | **G** | **A** | **B** | **C** | **D** | **E** | **F** |
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |

Бидејќи тонот **B (HES),** е постојан тон во **F-dur скала,** предзнакот бемол се бележи веднаш по виолинскиот клуч според местото на тонот (на третата линија од петолинието) и означува дека тонот **H (си)** е снижен секогаш и без оглед на тоа во која октава ќе се појави.

## F-dur скала




| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| f1 | g1 | a1 | b1 | c2 | d2 | e2 | f2 |
| фа1 | сол1 | ла1 | си1 | до2 | ре2 | ми2 | фа2 |

**Тетракорд** е низа од четири соседни тонови во тонската скала.
Постои **прв (долен)** и **втор (горен)** тетракорд.

**Првиот почнува од I -то – IV-то стапало.**
**Вториот почнува од V-то – VIII-то стапало.**

**Запомни**
Скалите се именуваат по абецедното име на тонот што се наоѓа на **I-то** стапало.
**F-dur** скала има еден **снижен** тон **B (HES)** на **IV-то стапало.**

# Пеење и свирење мелодиски вежби во F- dur скала

Мелодиска вежба бр.1



Мелодиска вежба бр.2



Мелодиска вежба бр. 3



Мелодиска вежба бр. 4



1.Отпеј ги вежбите со именување на тоновите.
2.Воочи ги тоновите помеѓу кои има растојание од половина степен.



## „Хор на селаните“

(по ноти)

од операта

**„Продадена невеста“** Б. Сметана



**Текст на македонски јазик**

Зошто да не се радуваме,
кога Господ Бог ни дарил здравје, ни дарил здравје.
Кој ли од нас знае дали ќе дочека, така среќно иднина убава.
И секој оженет маж, омажена жена, речете збогум на радоста.
Жената се грижи за домот, мажот се крие позади криглите.
Зошто да не се радуваме,
кога Господ Бог ни дарил здравје, ни дарил здравје.





Сцени од операта „Продадена невеста“

1.Именувај ја тонската скала во која е напишана мелодијата на „Хорот на селаните“.
2. Одреди го тонскиот обем на мелодијата на „Хорот на селаните“.

## „Tanca a mea, Tanca a li dade“
## „Танка моја, Танка на мајка“

(по ноти)




| **„Tanca a mea, Tanca a li dade“** | **Превод на македонски јазик** |
|---|---|
| Tanca a mea, Tanca a li dade | Танка моја, Танка на мајка |
| ni shidzutâ laia mpade, Tancâ lea, | не седната кутра на земја (долу), |
| | Танке мори (бре), |
| Tanca a mea, Tanca a li dade | Танка моја, Танка на мајка |
| ni shidzutâ laia mpade, | не седната кутра на земја, |
| Tancâ lea. | Танке мори (бре). |
| Trei frimitâri tu stâmânâ | Три месења во седмица |
| ts- armase xistra tu mânâ, | ти остана ситото во рака, |
| Tancâ a mea. | Танке моја. |
| Trei frimitâri tu stâmânâ | Три месења во седмица |
| ts-armase xistra tu mâna, | ти остана ситото во рака, |
| Tancâ lea. | Танке бре. |
| Trei lâri tu stâmânâ | Три перења во седмица |
| ts-armase maiiu tu mâna. | ти остана пералката во рака. |
| Tancâ a mea, | Танке моја, |
| trei lâri tu stâmânâ | Три перења во седмица |
| ts-armase mailu tu mânâ, | ти остана пералката во рака, |
| Tancâ lea. | Танке бре. |
| Nu vrea dada s-mi-aibâ n hoarâ | Не сакаше мама да ме има в село |
| ta s-nu-lj neg di oarâ, oarâ, dado lea, | да не и одам од време на време, |
| | мајко бре, |
| nu vrea dada s-mi-aibâ n hoarâ | да не и одам од време на време, |
| dado lea. | мајко бре. |
| Nu, vream cupii di mulâri, | Не, сакав стадо (крдо) кобили, |
| vream la fratsâ sh-la surâri, dado lea, | сакав кај браќа и сестри, мајко бре, |
| Nu vream cupii di mulâri, | сакав кај браќа и сестри. |

1. Именувај ја тонската скала во која е напишана мелодијата на песната.



# Молски тонски скали

Да се потсетиме...

Молските скали се градат од тонот што се наоѓа на **VI-то** (шестото) стапало од дурската скала.
**Од VI-то** стапало на G-dur скала од тонот **E** ја изградивме молската тонска скала **e-moll.**
**G- dur скала**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **G** | **A** | **H** | **C** | **D** | **E** | **Fis** | **G** | | | | | |
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | | | | | |
| | | | | | | **e** | **fis** | **g** | **a** | **h** | **c** | **d** | **e** |
| **e -moll скала** | | | | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** |

Постојат три вида на молски скали: природен, хармонски и мелодиски вид. Молските скали, ги препознаваме по распоредот на целите и полустепените, карактеристичен за видот на молската скала**.**

**Природен** вид на молска скала:

**I II III IV V VI VII VIII**

**Хармонски** вид на молска скала:

**1 1/2**
**I II III IV V VI ♯ VII VIII**

**Мелодиски** вид на молска скала нагоре:

**I II III IV V ♯ VI ♯ VII VIII**

**Мелодиски** вид на молска скала надолу:

**VIII ♮ VII ♮ VI V IV III II I**

Кога тонот на **VI-то** стапало од дурската скала станува прв тон, **I** стапало, се создава молска скала. Од **VI-то** стапало на **F- dur** скала, од тонот **D,** ќе изградиме нова молска скала која ќе го добие името по почетниот тон.

# d-moll скала природен вид

Од **VI-то** стапало на скалата **F- Dur** од тонот **d** се создава молската тонска скала **d-moll.**




Имињата на тоновите во природен вид d-moll–скала се:

**d e f g a b c d**

**d-moll природен вид**




Распоредот на цели и половина степени во молската скала - природен вид, надолу е ист како и нагоре.

Во **d-moll** скала **природен вид** има еден снижен тон **b (hes), на VI –то стапало.**

1. Пеј ја **d-moll** скала нагоре и надолу.
2. Напиши ја скалата **d-moll природен вид** во нотна тетратка.

## „Ederlezi“
## „Едерлези“

(по ноти)



Sa o Roma daje
Sa o Roma babo babo
Sa o Roma o daje
Sa o Roma babo babo
Ederlezi, Ederlezi
Sa o Roma daje

Sa o Roma babo, e bakren chinen
A me, chorro, dural beshava
Romano dive, amaro dive
Amaro dive, Ederlezi

E devado babo, amenge bakro
Sa o Roma babo, e bakren chinen
Sa o Roma babo babo
Sa o Roma o daje
Sa o Roma babo babo
Ederlezi, Ederlezi
Sa o Roma daje

**Превод на македонски јазик**

Сите роми мамо,
сите роми тато, тато,
сите роми мамо.
Сите роми тато, тато,
(наш ден) Едерлези,
сите роми мамо.

Сите роми тато, јагниња колат,
а јас сиромашен од далеку седам.
Ромски ден е наш ден, Едерлези.
Е тато, за нас јагне?

Сите роми тато, јагниња колат,
сите роми тато, тато,
сите роми мамо.
Сите роми тато, тато,
Едерлези,
Сите роми мамо.

1. Именувај ја тонската скала во која е напишана мелодијата на песната.

# d-moll скала хармонски вид

Да се потсетиме...

Распоредот на цели и половина степени на молската скала - **хармонски вид** е следниот:




Во молската скала хармонски вид **се повишува тонот на VII-то** (седмото) стапало **c** во **cis**. Со оваа промена се добива растојание **од еден ипол степен** помеѓу **тоновите на VI-то и VII-то** стапало.

Имињата на тоновите се:

**d e f g a b cis d**

## d-moll скала хармонски вид




| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| d1 | e1 | f1 | g1 | a1 | b1 | cis2 | d2 |
| ре1 | ми1 | фа1 | сол1 | ла1 | си1 | до2 | ре2 |

Мелодиска вежба



**Запомни:** Скалата **d-moll хармонски вид** има снижен тон **b** и повишен тон **cis**.

**1.** Пеј ја скалата **d-moll хармонски вид** нагоре и надолу.

**2.** Напиши ја скалата **d-moll хармонски вид** во нотната тетратка.

# Песни во d-moll скала природен и хармонски вид

**„Развила гора зелена“**

(по слух) Запишал: В.М.Хаџиманов






Под дрво лежи млад, ранет јунак,
Со девет рани, рани, куршумлии.
Со девет рани, рани, куршумлии,
Десета рана со нож прободена.



**„Спомен чешма“**
(по слух)

Текст: М. Симоновски
Музика: Ѓ. Смокварски






1. Одреди го видот на молската скала во која се напишани песните.
2. Објасни го значењето на празникот 11 Октомври.

# „Ко удара тако позно“

## “Кој чука толку доцна“

(по ноти)

Текст: Војислав Илић

Напев аранжирао: Предраг Миодраг




### „Ко удара тако позно“

Ко удара тако позно у дубину ноћног мира, на капији затвореној светогорског манастира.

Већ је прошло тамно вече и нема се поноћ хвата, седи оци, калуђери, отворте ми тешка врата.

Светлости ми душа хоће, а одмора слабе ноге, клонуло је моје тело, уморне су моје ноге.

Векови су прохујали од чудесне ове ноћи, векови су прохујали и многи ће јоште проћи.

Ал то дете још живи, јер његова живи слава, јер то беше Растко, син Немањин, Свети Сава.

### Превод на македонски јазик „Кој чука толку доцна“

Кој чука толку доцна во длабочината на ноќниот мир,
на затворената порта на светогорскиот манастир?
Веќе пројде темна вечер и глувата полноќ фаќа.
Побелени отци, калуѓери,отворете ми ја тешката врата.
Светлина душата ми сака, а одмор слабите нозе.
Премалено е моето тело, уморни се моите нозе.
Вековите се одвеани од оваа чудесна ноќ,
вековите се одвеани и многу уште ќе минат.
Но тоа дете уште живее, зошто живее неговата слава,
зошто тоа беше Растко, синот на Немања, Свети Сава.

1. Пеј ја мелодијата на песната по ноти, точно ритмички.

# d-moll скала мелодиски вид



Да се потсетиме...

Повишените или снижените тонови се враќаат на претходната висина со знакот **- бекар** (разрешувалка) кој се пишува пред нотата.

За да се добие правилен распоред на цели и половина степени на молска скала - мелодиски вид, се **повишува** тонот на **VI-то** и **VII-то** стапало.

**d-moll скала мелодиски вид**




d1 e1 f1 g1 a1 h1 cis2 d2 d2 c2 b1 a1 g1 f1 e1 d1
ре1 ми1 фа1 сол1 ла1 си1 до2 ре2 ре2 до2 си1 ла1 сол1 фа1 ми1 ре1

Во скалата **d-moll мелодиски вид** (нагоре) се **разрешува** тонот на **VI-то** стапало**, b** во **h,** и се повишува тонот на **VII-то** стапало **c** во **cis.**

Скалата **d-moll мелодиски вид,** надолу се пее како **природен вид.**

Со правилна примена на знакот ♮ **бекар** повишените тонови се враќаат на претходната висина.

Мелодиска вежба



**Запомни:**

Скалата **d-moll** мелодиски вид има разрешен тон, **b** во **h** и повишен тон **c** во **cis.**



1.Пеј ја скалата **d-moll мелодиски вид** нагоре и надолу.

2. Напиши ја скалата **d-moll мелодиски вид** во нотната тетратка.

# Мелодиски вежби во F- dur и d-moll  скала

Мелодиска вежба бр.1



Мелодиска вежба бр. 2



Мелодиска вежба бр. 3



Мелодиска вежба бр. 4



1. Отпеј ги вежбите со именување на тоновите.
2. Воочи ги тоновите во вежбите меѓу кои има растојание од половина степен.



# Такт и тактови времиња

Да се потсетиме...

Секој такт содржи **силни (нагласени)** и **слаби (ненагласени)** тактови времиња. Нив ги бележиме со овие знаци:

**Теза** — (**силно** или **нагласено** тактово време)
**Арза** ◡ (**слабо** или **ненагласено** тактово време)

Бројот на силни и слаби тактови времиња ја определува **тактовата мера** која се пишува на почетокот на тактот.
Акцентот кој го бележиме со овој знак - > , секогаш паѓа на силните тактови времиња.

Во тактот 2/4, првото тактово време е силно, а второто тактово време е слабо.

Во тактот 3/4 првото тактово време е силно, а второто и третото тактово време се слаби.

Пр.1



Пр.2



Во тактот 4/4, првото и третото тактово време се силни а второто и четвртото тактово време се слаби.

Пр.3



Вообичаено ние сме навикнале **акцентот** во музиката да го слушаме на **силното тактово време**.

Но многубројни се примерите каде акцентот паѓа на слабо тактово време.
Таквите примери претставуваат необична ритмичка особеност.

# Синкопа

Кога тонот на второто - слабо и третото - силно тактово време ќе ги поврземе со лак во една нотна должина, акцентот од силното ќе премине на слабото тактово време. Така настанува неочекувана и интересна ритмичка особеност.

Пр.



> Синкопа е ритмичка особеност која настанува со поврзување на тонот на слабо со истиот тон на силно тактово време каде што акцентот од силното преминува на слабото тактово време.

Тоновите кои ги поврзуваме во една должина се со иста висина, еднакви или различни по траење, во еден такт или во два такта.



Пример:



**„Синкопа“**




**Запомни:**
Синкопа е ритмичка особеност која настанува со поврзување на слабо со силно тактово време каде што акцентот од силното преминува на слабото тактово време.

# Ритмички и мелодиски вежби со примена на ритмичка особеност синкопа

Ритмичка вежба бр.1



Ритмичка вежба бр.2



Мелодиска вежба бр.1



Мелодиска вежба бр.2



1.Интерпретирај ги ритмичките и мелодиските вежби со правилна примена на ритмичката особеност-синкопа.

## „Момиче мало ѓаволо“

(по слух) Народна







Не ми минавај пред двори,
Не ми минавај пред двори, пред двори.
Не ми задавај јадови,
Не ми задавај јадови, јадови.

## „Заспало моме“

(по ноти)

Народна




Подувна ветре, повеја, мила мамо
подувна ветре, повејна.
Одломи гранче, маслинче, мила мамо
та, удри моме по лице.

Моме се луто, разлути, мила мамо
уште полуто проколна.
Зошто ми ветре подуна, мила мамо
и сладок сон ми однесе.





# Нерамноделен 9/8 такт

Да се потсетиме...

**Тактот 4/4** има четири тактови времиња:

**силно — слабо ◡ силно — слабо ◡**

Основна тактова мера е четвртина нота и се тактира на четири удари.

**Четвртина нота трае еден удар – едно тактово време.**



Пр - во, вто - ро, тре - то, четвр-то време

Изговори го текстот со правилен акцент на зборовите во 4/4 такт.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4** | Многу | сакам | да те | видам, | тогаш | среќен | јас ќе | бидам. |
| **4** | Ти си | моја | среќа | радост, | сега | верна | мила | младост. |

**Рамноделниот 4/4 такт содржи четири четвртини ноти.**
**За основна тактова мера ја има, четвртина нота.**
**Содржи четири тактови времиња и се тактира на четири удари.**

Доколку текстот го изговориме во нерамноделен такт ќе добие друг ритам.

**Нерамноделниот 9/8 такт содржи девет осмини ноти.**
**За основна тактова мера ја има, осмина нота.**

**Три** времиња содржат по **две осмини ноти.**
**Едно време** содржи три осмини ноти.

Примери на комбинации за 9/8 такт.





# Ритмички и мелодиски вежби со примена на 9/8 такт

Ритмичка вежба бр.1



Ритмичка вежба бр.2



Мелодиски вежби:
Пример бр.1



Пример бр. 2



1. Спореди го ритамот на мелодиските вежби бр.1 и бр.2 и воочи ги разликите.

# „Што ми е мило ем драго“

(По слух)

народна






На Струга дуќан да имам на кепенците да седам

Оф леле леле леле либе ле срцево ми го џанам изгоре.

На кепенците да седам, струшките моми да гледам.

Оф леле леле леле либе ле срцево ми го џанам изгоре.

Струшките моми да гледам како ми одат на вода.

Оф леле леле леле либе ле срцево ми го џанам изгоре.

# „Не си го продавај Кољо чифлигот“

(По слух)

народна




Колку ти чинат Кољо овците,

толку ми чинат Кољо очите.



Реф: По меани одиш Кољо,

рујно вино пиеш,

дома рано не си одиш, да спиеш.

1.Именувај ја тонската скала и видот на тактот во дадените народни песни.

# „Не стој Доне Донке“

(по слух)

Народна






1. Одреди го темпото и именувај ги динамичките нијанси на песната.
2. Одреди го карактерот на мелодијата на песната и класифицирај ја според содржината.

# „O sa gëzim“
# „Ох, колку радост“

(по слух)

Popullore qytetare




**O sa gëzim**

II

O sa e ëmbël,sa e idhët,
e vërteta dashuri
o kur të shof moj
aman buza m`dridhet
trupi m`digjet si qiri.

Refren

S`I t`ia bëj or djal,
si t`ia bëj s`e diel
zemrën ta kam fal`
shpirti im je ti.

**Превод на македонски јазик**
**„Ох, колку радост“**

Ох, колку радост ми е во срцето,
гледајќи те како поминуваш.
Ох, за нас така било,
двајцата да не се соединиме,
ох да не се соединиме.
рефрен
Како да правам душо,
како да правам незнам!
Срцето сум ти го подарил,
душо, моја си ти, душо, моја си ти.

О, колку блага толку па и горка,
е пустата љубов.
О, бледеам и црвенам,
аман усна ми се тресе,
срцето ми се топи како свеќа,
аман како свеќа.

1. Одреди го карактерот на мелодијата на песната.
2 Класифицирај ја песната според содржина.

# Традиција и обичаи на македонскиот народ

Традицијата е севкупното богатство на еден народ што ја прави една земја препознатлива и ја презентира надвор од нејзините граници. Преку неа се чува, негува и афирмира културниот идентитет на народот, бидејќи народното творење има непроценлива вредност како културно обележје.
Вредните траги од минатото, треба да ги сочуваме, негуваме, и пренесуваме на идните генерации. Старата и богата македонска традиција се измешала со напредокот и современиот живот, па така се создала една култура која се темели на своите вековни обичаи.

**Празниците и празнувањата** се дел од традицијата на секој народ.

**Велигден е најголемиот христијански празник,** кој го одбележува и слави Христовото воскресение. Во пресрет на празникот православните христијани го започнуваат велигденскиот пост, кој почнува на т. н. Чист понеделник, веднаш по празникот Прочка.
Секоја година Велигден се паѓа на различна дата. Затоа, овој празник, спаѓа во т.н. подвижни празници. За дата се зема првата недела по полна месечина, на денот на пролетната рамнодневница, или веднаш по неа. Кај припадниците на православната вера Велигден секоја година паѓа во периодот од 4 април до 8 мај.
Велики четврток, ден, кога се вапцуваат црвени јајца. Велики петок / Распети петок, е денот кога Исус Христос бил распнат на крст и тој ден е строг пост.
Велика сабота / Погребение, на овој ден, верниците навечер одат во црква и пред полноќ, заедно со свештеникот, го обиколуваат соборниот храм три пати. Точно на полноќ, свештеникот го објавува Христовото воскресение со зборовите „Христос воскресна, вистина воскресна“, и започнува обичајот кршење со вапцани јајца.



Православен соборен храм



Недела, прв ден Велигден/Христово воскресение. На овој ден православните верници присуствуваат на утринската велигденска литургија, а по враќањето дома го прекинуваат велигденскиот пост, со кршење и јадење на велигденско јајце**.**
Втор ден Велигден – понеделник, трет ден Велигден – вторник.

Кршење со црвени јајаца

1. Истражувај за обичаите на македонскиот народ и другите народи во Р С Македонија и направи презентација во Power point.
2. Дискутирај за значењето на обичаите, нивните сличности и разлики.

# Народните песни дел од традицијата

**Дел од нашата традицијата се и народните песни:** (обредни, семејни, љубовни, шегобијни, трудови, револуционерни)
**Обредните** народни песни ги опишуваат обредите пред поголемите празници. (коледарски, лазарски, велигденски, ѓурѓовденски и додолски)



## „Ој Лијарче“

Народна обредна песна




**Коледарските песни** се пеат на празникот **Бадник – Коледе.** Тие се поврзани со коледарските обичаи. На коледарскиот оган, а потоа по домовите, децата пеат коледарски песни, со кои искажуваат желби за среќа, здравје и напредок и го најавуваат доаѓањето на големиот празник Божиќ со песната: „Денеска е Коледе утре е Божик….“. Тие се даруваат со колачи, јаболка, костени, ореви, пари и друго.



Бадниково гранче

По одбележување на Старата Нова година, верниците го празнуваат празникот **Св. Василиј - Василица**. За овој празник, покрај другите обичаи, се пеат лирски обредни народни песни познати како василичарски народни песни. Овие песни немаат развиена мелодија, се кажуваат со нагласено ритмичко повторување и карактеристични извици на крајот од песната. Најпозната е песната која се однесува на празникот Василица: „Сива, сива Василица, каде си се осивила? “... Постојат песни, кои се пеат за оние кои го носат името на светецот Василиј, за бериќетот на куќата, или песни во кои се измолува од Бога бериќет.
Вевчанскиот карневал е обичај под маска, кој се нарекува „Свети Васиљa“. Се празнува на 13 и 14 јануари секоја година.



На празникот **Прочка** помладите одат кај постарите да бараат прошка. Според народниот обичај се амка јајце, се облекуваат народни носии, се пеат песни, се игра оро на плоштад или сред село.

Обичај за Прочка

1. Презентирај песна со обредна содржина и раскажи еден обичај поврзан со некој празник.

# Традиција и обичаи кај другите народи во нашата држава

## Традиција и обичаи кај муслиманскиот народ

**Рамазан** е исламски празник кој трае во текот на деветтиот месец од исламскиот календар. Се верува дека во текот на тој месец светата книга - Куранот му бил откриен на Ангелот Џибрил, кој потоа му го пренел на пророкот Мухамед. Рамазан е време на пост, молитва, солидарност и милосрдие.

Муслиманите сметаат дека Рамазан на секој дом му носи полни раце дарови - милост, бериќет и проштевање.



Молитва во џамија

**Обичај: Пост**

Еден од најбитните настани во текот на овој месец е постењето савма (savma). Секој ден во текот на месецот Рамазан, муслиманите низ светот стануваат пред изгревот на сонцето да јадат Суфур (syfyr), оброк пред зората, и обавуваат фаџар (fajr) молитва. Може да продолжат да јадат и пијат пред излезот на сонцето и се продолжува да се пости до зајдисонце (Ифтар).

На Рамазан Бајрам, во сите џамии, рано наутро се одржува Бајрам Намаз молитва, со која се посакува здравје, мир и благосостојба. По завршување на молитвата верниците си одат дома каде што ги чека семејна трпеза за заеднички појадок и честитање на светиот празник Рамазан Бајрам.

Во текот на денот се оди на гости кај блиски роднини, комшии и пријатели, со кои се разменуваат честитки. На бајрамската трпеза освен омиленото јадење, традиционален десерт без кој не поминува денот е баклавата.

Се посветува внимание и на најсиромашните и болните, на кои што им се делат подароци, со што на дело се покажува солидарноста која што го симболизира празникот.





Баклава



Носија

Игра

1. Истражувај и презентирај песни со обичајна или обредна содржина, од традицијата на другите народи во нашата држава.
2. Преку цртеж претстави сегмент од традицијата и обичаите на другите народи.

# Традиција и обичаи кај ромскиот народ

**Ѓурѓовден** е најголемиот христијански празник од пролетниот циклус којшто секогаш се паѓа на 23 април по стариот календар, односно на 6 мај по новиот календар. Овој празник го празнува не само христијанското, туку и целото население воопшто. Има голема традиција во словенските земји, меѓу кои и во Р С Македонија, што значи дека неговата основа е празнувањето на природата, на разбудувањето на вегетацијата, и на животот воопшто. Големо значење на празникот Ѓурѓовден и на неговото празнување му даваат ромите.



Плетење венец

**Плетење на венец од така наречено „ѓурѓесто цвеќе“.**

Ноќта, наспроти Ѓурѓовден, се кинат зелени гранки и со нив се закитуваат вратите и прозорите. Влезната порта се закитува со венец плетен од **„ѓурѓесто цвеќе“** со верување дека годината ќе биде бериќетна.

**Миење со вода во која се потопуваат растенија**

Наутро, со водата се мијат: децата, за да бидат здрави како дрен; девојките - момчињата да се грабат за нив; старите - да бидат здрави; домаќинот - куќата да му биде добро чувана и слично. Секој според своите потреби и желби.

Најважен е обичајот, бањање во река пред изгревот на сонцето. Во неа се фрлаат венци од цвеќе или се истура млеко.

Како голем празник Ѓурѓовден се поврзува со Велигден, па и во народната песна се пее за нивната поврзаност, за разеленувањето на вегетацијата и за враќањето на животот по пасивниот зимски период. Некои песни се однесуваат на берењето билки и на обредното крмење на стоката: „Ајде на билје, бела Билјано, билје да бериш, стадо да крмиш“... Песните во кои е опеан обичајот нишање (лулање) на дрво, изобилуваат со емоции и чувства за младите: „Од гранка, в гранка, ај Ѓурѓе ле“ …

**Песна**

Ѓурѓе ле, Ѓурѓе млад Ѓурѓе,
ај кој ти рече да дојдеш?
Мене ми рече Велигден!
Ѓурѓе ле, Ѓурѓе млад Ѓурѓе,
брго по мене да дојдеш,
по тебе шума и трева,
по трева идат ќејаи,
по ќејаи идат овчари.



Ѓурѓовденска поворка

„Ѓурѓовден“ народна песна



## „Alo Dive romano“
## „Дојде ромски ден“

(По слух)




**„Alo Dive romano“**

Alo dive romano
Te kela te djllaba
Alo dive romano
Te basal ate cela

Refren:
Djllave basale romale
Djllave basale savore
Alo divo bahtalo
Bahtalo gudioro
O cavore celena
O romaba salena.

**Превод на македонски јазик**
**„Дојде ромски ден“**

Дојде ромски ден,
да играме да пееме.
Дојде ромски ден ,
да свириме, да играме.

рефрен
Пејте и свирете роми,
пејте и свирете сите.
Дојде среќен ден,
среќен и благ.
Децата играат а ромите свират.

1. Воочи го предзнакот бемол (снижувалка), во нотниот текст на песната.



# „Cãntic ti protlu avtumubil“
## „Песна за првиот автомобил“
(по слух)




**Превод на македонски јазик**

**„Песна за првиот автомобил“**

(Крушево)

Ајде -------------- да си испееме една песна убава

------------------------------ Песна убава

За ------ Василаки

1.Одреди го видот на тактот во кој е напишана мелодијата на песната.



# Свадбен циклус
## Традиција и обичаи



Да се потсетиме...




Македонската свадбена церемонија не можела да се замисли без свадбените сведоци, кумот и старосватот. Во минатото овој обичај се изведувал наесен, кога се правеле свадбите. Штом ќе се слушнел звукот на зурлата и тапанот, кумот го изведувал „Кумовото оро“, сватот „Сватовското оро“, свекрвата „Свекрвиното оро“ зетот „Зетовското оро“ и невестата „Невестинското оро“.

**Свадбени обичаи:**

**Замесување лебче -** за среќа на младите ден пред свадбата.
**Китење на куќите на младите** - во четвртокот пред свадбата.
**Китење на сватовите** - две девојчиња китат со китенки, мажите на лева страна, а жените на десна.
**Туркање на врата** - на вратата на невестата стојат машките членови на фамилијата кои не го пуштаат младоженецот да влезе додека не плати.
**Гледање низ прстен** - невестата треба да го види младоженецот низ вереничкиот прстен, три пати изговарајќи: „Низ прстен те гледам, во срце да ти влезам!“.
**Деверот ги носи невестинските чевли** кои се еден број поголеми, па за да ѝ бидат точни на невестата треба да ги полни со пари.



Подарок за невестата



Свадба

# Галичката свадба

**Петровденската Галичка свадба** е богата со многу оригинални свадбени обичаи и ритуали. Екот на зурлите и тапаните се слуша надалеку „од Галичник до Река“. Галичката Свадба во своето опстојување придонела да се негуваат единствените свадбени обичаи и ритуали на жителите од овој крај, да се сочуваат изворните песни, ора, и надалеку познатата галичка носија изработена со филигрански украси.

Поради нејзините вредности, Галичката свадба, е влезена во ризницата на **духовни вредности на човештвото што се под заштита на УНЕСКО.**

Традиционално, свадбата се одржува на Петровден. Свадбените церемонии траат пет дена, а секој ден од свадбата има посебни обреди што се изведуваат по утврдени обичаи:



Галичка носија



Бајрактар на коњ

**Канење на мртвите роднини, канење на кумот, бричење на зетот, одење по невеста, свадбена церемонија–венчавање, носење на невестата пред „Упија“-** (Таткото на младоженецот и кумот ја предводат придружбата. Невестата се носи на чешма, за да ги наполни садовите со вода. Потоа невестата го започнува невестинскиот танц).

**Невестата им посакува добредојде на стројниците -** Стројниците седат на софрата пред куќата со најблиските роднини на младоженецот, додека мајката на младоженецот и дава подароци, а невестата и ја бакнува раката.
**Строење на невестата -** Невестата се качува на коњ, а колоната од свадбари ја предводи носачот на знамето.
**Пречекување на невестата: Свадбен банкет -** По свадбената церемонија пред платото на „Упија“ се изведува свадбениот банкет.
**Испраќање на свирачите** По завршувањето на свадбените обичаи најблиските роднини се збогуваат со свирачите.







Младоженец на тапан | Строење на невестата | Свадбен обичај

1. Истражувај ора и игри со содржина од свадбен циклус.

# Исламска свадбена традиција

Свадбените обичаи кај народите со исламска религија во нашата држава се засноваат на: автентични ороводни песни, игри, мелодии и носии. Богатото духовно и материјално наследство потекнува од повеќе предели: Гора, Долна Река, Струшки Дримкол, Меглен и Скопско. Народните носии се автентични и го носат белегот на регионот каде што живеат народите со исламска религија.



Свадбен обичај

**Обреди:**

**Виѓаленки** – дел од свадбени обичаи и обреди од пределот Долна Река.
**Бајрактари** – обредни машки свадбени поворки од Скопско.
**Шминкање на невеста -** овој обичај го прикажува цртањето-шминкањето на невестата пред нејзината свадба.
Традиционалното муслиманско венчавање започнува од запросувањето на невестата до венчавањето.
**Запросување на невестата** - на чинот запросување, невестата не смее да присуствува. Послуженото слатко или горчливо кафе кажува дали невестата ќе ја дадат или не.
**Претходници** - тоа е обично жена која доаѓа во куќата на младата да го види нејзиното однесување.
**Венчавање и мираз** - со благослов на оџата дека нема никакви пречки може да се договори венчавка и склучи брак. Момчето мора да даде договорен мираз за невестата, еден вид гаранција за нејзината иднина.

## Албанска свадбена традиција

Свадбата во албанската народна традиција претставува радосен и свечен момент, но истовремено и почеток на заеднички живот на двајца млади. **Започнува во четврток,** кога невестата се простува од блиските во семејството. **Во петок** младата станува рано наутро и облекува народна носија. Во текот на денот доаѓаат нејзини роднини а може и гости од страна на младоженецот.

**Во сабота,** во текот на денот, доаѓаат претставници од фамилијата на младоженецот кои и носат дарови на невестата. Навечер се прави **моминска вечер** наречена **„кана гече“** (kana gece), кога се става к`на на рацете на невестата. Таа остава траги од своите раце на ѕидот или вратата, како сеќавање на нејзиното моминско време. Другарките пеат изворни народни песни, а невестата ги облекува сите фустани подготвени за свадбата, а главата и се прекрива со црвена марама.



Невеста

**Обичаи кај младоженецот:** три дена пред свадбата, кај момчето доаѓаат гости, се пеат песни, а младите невести, гостите ги послужуваат со благо. Исто така ја подготвуваат собата на невестата.

**Свадба:** Недела е ден за свадба кога се оди по невеста. Доаѓањето на сватовите го предводи најстариот член од семејството на младоженецот. По него е барјактарот и останатите сватови. Барјактарот го предава знамето на некој роднина од семејството на невестата. Обичај е младоженецот да не оди по невеста, туку да остане во својот дом и да ја пречека.



Свадбен обичај

Во куќата на младоженецот, кога ќе пристигне невестата, на вратата и се дава шекер, локум или мед, како симбол за благ и убав живот. Велот на невестата го открива машко дете со верување дека првата рожба ќе биде машка.

По веселбата во понеделник, невестата станува рано, повторно облекува венчаница и гостите ги послужува со кафе. Прави погача и шербет, ги послужува свекрвата и свекорот со парче од погачата потопено во шербет, за сладок заеднички живот.

## Турска свадбена традиција

Турската свадбена традиција е поразлична од традицијата на останатите народи. Тоа е поради влијанието на источната култура и религија.

**Обичаи:**

**Одбирање на невеста** - тоа обично го прават родителите на младоженецот.

**Ветување** – размена на прстени.



Свадбен обичај

**Веридбена бовча** – невестата добива бовча од машката страна, а младоженецот од женската страна.

**Припреми на денот пред свадбата**: бањање во амам и ноќ на ставање к`на (девојачка вечер).

**Водење на невестата** – невестата внимава да не ја види прв младоженецот, бидејќи според верувањата тоа носи несреќа.

Овие обичаи укажуваат на специфичноста на турската култура и традиционалниот поглед на животот и почитување на старите вредности.

# Бошњачка свадбена традиција



Младенци

Свадбата кај Бошњаците е најсвечен чин и истовремено формирање на брачна заедница согласно обичаите и традицијата. Во минатото свадбите траеле три до седум дена придружени со традиционални песни и народни инструменти.

Машката свадбена облека е едноставна. Опинци, шарени волнени чорапи, пантолони (чакшири), кошула без крагња, шарен појас од волна, елек (џамадан), капа или фес. Невестата е облечена во народна носија за млади, која е најубава и најукрасена.
**Обичаи:** спремање на невестата, доаѓање сватови на чело со бајрактар, изводење на невестата, дочек на невестата во куќата на младожењата со музика и игра. Претежно се пеат народни песни од богатата фолклорна традиција

# Влашка свадбена традиција



Влашка носија

Традиционалната влашка свадба се правела повеќе денови, во куќата на младоженецот и невестата.
**Обичаи:**
**Веридба** - на која биле поканувани најблиските роднини од двете семејства.
**Покана за свадба** - се оди од куќа на куќа со шише ракија.

**Сеење на брашно**-овој обичај бил пропратен со песната:
**Пр.** Засејте го брашното, брашното за свадбата...
Да замесиме погачите, кумот да го поканиме, кумот да го поканиме, кумот и деверот!
**Бричење на младоженецот** - и за тој обичај се пеела посебна песна:
**Пр.** Добро ни дојде берберот, море, да ни го избричи младоженецот.
Ајде избричи го убаво, убаво, за пред кумот, за пред деверот!
**Шиење на бајракот** - овој обичај е најкарактеристичен за власите. Постои верување дека бајракот не смее да се врати во истото семејство, бидејќи тоа е знак за лоша среќа.



Свадбено знаме

**Одење по невеста** - на овој настан се пеат стари влашки песни.
**Пречек на младоженецот** – добродошлица на зетот и сватовите.
**Водење на невестата-** со песната:
**Пр.** Си имам татко, не ме дава, си имам и мајка, не ме дава,
си имам и браќа, и тие не ме даваат!
Ајде назад, назад, дедото зетот да го види, ќе му се допадне или не....

# Српска свадбена традиција



Свадбените обичаи во Р Србија се разликуваат од место до место, но, некои од нив се општо прифатени.
Најзастапени обичаи, во српската свадбена традиција се:

**Канење на сватови со буклија** (шише со ракија, накитено со цвеќе и јаболко). Таткото на младоженецот ги кани гостите на свадба кои наздравуваат од шишето, го дополнуваат со ракија а во јаболкото ставаат метални пари.

Младенци во народна носија

**Пукање во јаболко**: јаболкото се става на дрвен стап високо на портата кое симболизира пречка која треба да се совлада за да се земе невестата.
**Купување на невеста:** од братот на невестата/девер, се откупува невестата.
**Китење на сватови:** Овој обичај потекнува уште од стари времиња кога сватовите се кителе со рузмарин, како симбол на верност и среќа во бракот.
**Кој ќе биде главен:** Кога бракот ќе се склопи кој прв од младенците ќе го нагази другиот, тој ќе биде главен во семејството.



Китенки за сватови



**Бидермаер:** Невестата го фрла бидермаерот преку глава кон немажените девојки. Се верувало дека која од нив ќе го фати цвеќето е наредна што ќе се мажи.

Фрлање на бидермаер



**Слатка традиција:**Тортата за младенците е симбол за сладок и среќен живот.
**Фрлање на сито:** Кога невестата ќе дојде во куќата на младоженецот, свекрвата и дава сито со жито. Невестата го расфрла житото по куќата, а ситото го фрла на покривот од куќата.

Сечење на торта



**Наконче-подавче:** Најмалото дете од фамилијата на младоженецот и се дава на невестата да го крене над глава и да го сврти три пати. Тоа ја симболизира плодноста во семејството.
**Пренесување преку праг:** Се верувало дека невестата не треба да го згази прагот на куќата бидејќи тука живееле претците на семејството.

Наконче-подавче

1.Давање напатствија за самостојно истражување за свадбен циклус.

## „Што се боре мисли моје“

### „За што се борат мислите мои“

(по слух)

Музика: Корнелије Станковић




**„Што се боре мисли моје“**

Први поглед ока твога,
Сјаном срцу подобан,
Пленио је срце моје,
Учинио робом га.

Да те љубим, о, једина,
Целом свету казаћу,
Сам од себе, ах премила,
Тајну ову сакрит ћу.

**Превод на македонски јазик**

**„За што се борат мислите мои“**

За што се борат мислите мои,
искуството ми вели да молчам.
Тргнете се  сега вие двете, нека
срцето ми зборува.

Првиот поглед на окото твое, на
сјајното срце му годи.
Го плени срцето мое и го направи роб.

Дека те сакам, о, единствена,
на целиот свет ќе му кажам.
Сам од себе, ах, најмила,
оваа тајна ќе ја скријам.

1 Одреди го карактерот на мелодијата на песната.
2 Класифицирај ја песната според содржина.

# „Sumrak“
# „Квечерина“

(по слух)




**„Sumrak“**

Na počinak će sunce poć,
A djeca svojoj kući,
Jer blizu tad je tamna noć
U kući pale luči.

O blaga večer sumrak drag,
Ti smiri naše djelo.
I danje brige svaki trag,
Nek skrije noćno velo.

**Превод на македонски**
**„Квечерина“**

Кога квечерина сегде ќе падне и на денот му се ближи крај, тогаш награда за секој труд се часови мирен одмор.

Кој може главата да ја засолни во топлиот свој дом, тој не знае што е тага, јад и зло на светот тој.

На одмор сонцето ќе оди, а децата во домот свој, бидејќи се ближи темна ноќ, и во куќите се палат светла.

О, вечер, блага и квечерино мила, ти ја смири нашата работа.
И секој траг на дневните грижи, нека го сокрие ноќниот превез.



1. Одреди го карактерот на мелодијата на песната.
2 Класифицирај ја песната според содржина.

# Народни носии

**Народните носии** во Р С Македонија имаат многувековна традиција. Тие се дел од материјалната култура на македонскиот народ и претставуваат значајна гранка од народното уметничко творештво. Создавани се како колективна придобивка на сиот македонски народ.

Во долготрајниот процес на нивното оформување учествува целиот македонски народ како творец и создавач на народните носии.

Основна одлика на македонските народни носии е нивната сочуваност со многу автентични елементи како во кројот и формата, така и во начинот на нивното украсување. Ги сочинуваат облеки од платно и волнена клашна (дел од облека), украсени со вез, апликации или вткаени орнаменти- волнени украси, реси, срма, гајтани, ширити, метален, монистен и природен накит, опинци од кожа, кондури и друго.

**Примери на македонски носии:**




**1** Женски македонски народни носии од Скопска Црна Гора, Блатија, во близина на Скопје.
**2, 3** Женски македонски народни носии од Куманово и Тетово.
**4** Машка и женска македонска народна носија од Галичник.
**5, 6** Женски македонски народни носии од мариовско и од Смилево.
**7** Машка и женска македонска народна носија од Кочани.
**8, 9** Женски македонски народни носии од Крушево и Прилеп.

# Елементи на народни носии







1. Дискутирај за спецификите на народните носии.
2. Истражувај за народните носии од твојот крај и за носиите на народите кои живеат во нашата држава.

# „На срце ми лежи мила мамо“

(по ноти)

народна




Не ми било змија мила мамо,
не ми било змија.
Ај не ми било змија мила мамо,
тук е кара Севда.



Севдините очи мила мамо,
Севдините очи,
Ај Севдините очи мила мамо,
црни черешови.

Севдините веќи мила мамо,
Севдините веќи,
ај Севдините веќи мила мамо,
морски пијавици.



Севдината снага мила мамо,
Севдината снага,
ај Севдината снага мила мамо,
тенка ем висока.

1.Пеј ја песната по ноти и тактирај точно во 9/8 такт.

# Народна музика во модерни музички жанрови

Народната музика претставува инспирација и поттик за создавање на значајни музички дела, како во класичната музика, така и во забавната музика.
Македонските композитори од постарата, па и од поновата генерација, восхитени од богатата „ризница“ на македонското народно музичко творештво, одлучиле народната музика, посебно изворните народни песни да им бидат „темел“ во создавање на одредена музичка содржина: инструментална, вокална, или вокално-инструментална.
Многу изворни народни песни добиле различен карактер обработени во хорски композиции или во поп варијанта.
Многу често препознаваме елементи од народни ора и кавалски езгии во популарната музика, или во инструментална композиција.
Присуство на фолклорни елементи среќаваме и во класичната музика или обработени во џез варијанта.



**Препорака за слушање:**

1.Од наведените примери за слушање музика, препознајте го народниот елемент.
2.Направете споредба на оригиналното дело со делото во кое е применет оригиналот и дискутирајте.

**Изворни народни песни во хорски композиции**

| **Народна песна** | | **Хорска композиција** |
|---|---|---|
| „Момиче мало ѓаволо“ | ⟷ | „Момиче мало ѓаволо“ С. Гајдов |
| „Црна се чума зададе“ | ⟷ | „Гоце“ – Тодор Скаловски |
| „Рум, дум, дум“ | ⟷ | „Рум, дум, дум“ Д. Шуплевски |
| „Огреала месечина“ | ⟷ | „Кумановка 2“ Т. Прокопиев |
| „Дафино вино црвено“ | ⟷ | „Дафино вино црвено“ Д. Шуплевски |



1.Истражувај и направи листа на композиции во кои се користени фолклорни мотиви, според дадениот пример.

| фолклорен мотив | композиција (народна, забавна, џез, класична) |
|---|---|
| | |

**Изворни народни песни во поп музичка варијанта**

| **Народна песна** | | **Поп варијанта** |
|---|---|---|
| „Дафино вино црвено“ | ↔ | Каролина Гочева; Гаро и Тавитијан |
| „Ја излези Ѓурѓо“ | ↔ | Нект тајм; Никола Мицевски |
| „Нешто ќе те питам бабо“ | ↔ | Нект тајм; Никола Мицевски |
| „Те видов и се заљубив“ | ↔ | Каролина Гочева; Никола Мицевски |

**Фолклорни елементи во инструментална композиција**

| **Народна песна** | | **Инструментална композиција** |
|---|---|---|
| „Пајдушко оро“ | ↔ | „ Прелудиум и пајдушка“, Ж. Глишиќ (џез композиција за пијано) |
| фолклорни елементи | ↔ | „Песна на ангелот“, М. Божиновски |
| „Чупи Костурчанки“ | ↔ | „ Композиција“ Т. Трајчевски |
| Народно оро | ↔ | „Булевар“ – Дарко Илиевски (џез елементи) |

**Фолклорни елементи во поп-песна**

| **Народна песна** | | **Поп песна** |
|---|---|---|
| 7/8 такт, кавал и тапан | ↔ | „ Тајно моја“ Тоше Проески |
| Введ- кавал езгија | ↔ | „Полско цвеќе“ Тоше Проески |
| Припев- хармоника, | ↔ | „Две златни лири“ К. Гочева |

1.Слушај од наведените примери по твој избор.

# Филмска музика

Филмот е уметност чиј развој започнува кон крајот на 19 век. Се нарекува уште и седма уметност. Филмската технологија користи слики во движење за да се раскаже некоја приказна.



Огист и Луј Лимиер

**Историјатот на филмот** започнува во доцните 1880-ти со пронаоѓањето на првата филмска камера. Филмовите на почетокот ги изложувале како новина на карневалите, за да прераснат во една од најважните алатки за комуникација и забава во медиумите во 20-тиот и во 21-виот век. Повеќето филмови снимени пред 1930-та година немале звук.

Браќата **Огист и Луј Лимиер** се најзаслужни за унапредување на фотографската индустрија.
Тие ја одржале првата јавна проекција.
Во историјата на филмот и филмската музика постојат две епохи: Епоха на **немиот филм** и епоха на **звучниот филм.**

## Неми филмови

До 1920 година не постоеле можности за синхронизација на визуелните и аудитивните записи на филмската лента.
Овој период е познат како „ера на немиот филм“, која завршува во 1927 година.
Најзначаен момент за создавање на филмската музика е потребата да се покрие шумот на работата на проекторот. Од тие причини е воведена придружба на импровизирана музика од страна на вешти пијанисти. Тоа не била музика компонирана за одреден филм, туку прилагодени музички инсерти различни по карактер и адаптирани за филмските сцени.



Чарли Чаплин

## Звучни филмови

Со напредокот на кинематографската техника снимен е првиот звучен филм насловен „Џез пејачот“.
Кинематографското искуство е дефинитивно подобро кога е придружено со добра музика. Визуелниот дел од филмот поткрепен со добра музика создава посебни емоции и ја побудува фантазијата и чувствата на гледачите.
Најдобрите филмови ги паметиме по нивните содржини, но понекогаш музиката од филмот останува запаметена како подобра од самиот филм.

# Цртани филмови

**Цртаниот** или **анимираниот филм** за основа ја има ликовна уметност и илустрација пропратени со музика.

Сите цртани филмови без разлика на анимацијата и структурата на приказната ги имаат следните елементи: љубовта, пријателството, чесноста, правдата и вечната борба на доброто против злото.



Волт Дизни

Првиот цртан филм е „Мики Маус“ од Волт Дизни снимен 1928 година.

По него следуваат „Снежана и седумте џуџиња“ „Пинокио“, „Пепелашка“, „Петар Пан“, „Сто и еден далматинец“, „Малата сирена“, „Убавицата и ѕверот“, „Аладин“ „Кралот лав“ и др.






Цртаните филмови сега се произведуваат и како серијали. Најпознати од нив се: Дигимон, Покемон, Драгонбол... како и многу цртани кои се базирани на стрипови: Супермен, Бетмен, Спајдермен и други.






**Класичната музика во цртаните филмови**

„Том и Џери“ **Скот Бредли**, „Мики Маус“ **Џоакино Росини**, „Трите прасиња“ **Ј. Брамс, Ф. Лист Ј. Штраус, П И Чајковски, Л. В.Бетовен**, „Маша и медо“, **Василиј Богатирјов**, „Пинк Пантер“ **Хенри Мансини** (Enrico Nicola Mancini) и др.

**Познати песни од цртаните филмови**

**Снежана и седумте џуџиња** „Heigh Ho“, „Whistle while you work“ и „Some day my prince will come“, **Пинокио** „When you wish upon a star“, „Give a little whistle“ и „Hi-Diddle-Dee-Dee“, **Пепелашка** „The Work Song“ и „Bibbidi-Bobbidi-Boo“, **Петар Пан** „A Pirate’s Life“, „Following the Leader“ и „You can fly“, **Сто и еден далматинец** „Cruella De Vil“, **Малата сирена** „Under the Sea“ и „Kiss the Girl“, **Убавицата и ѕверот** „Be our guest“, „Something there“ и „Beauty and the Beast“, **Аладин** „A friend like me“, „Prince Ali“ и „A whole new world“.

# Филмска музика од домашни автори

Македонската играна филмска продукција официјално започнува со реализирањето на филмот „Фросина“, снимен во 1952 година во режија на Воислав Нановиќ. Музиката за филмот ја напишал Трајко Прокопиев, истакнат македонски композитор кој дал голем придонес за развојот на музичката култура во Р С Македонија.
Од тогаш, па се до денес, снимени се околу 50 долгометражни играни филмови.

Најзначајна појава за македонската кинематографија во седумдесетите години е анимираниот филм. Македонскиот анимиран филм имал за цел, на креативен и естетски начин да го изрази духот на своето време, развивајќи се паралелно со играната филмска продукција.



Браќа Манаки- први македонски сниматели




Постери од филмови

**Понови филмски остварувања**: „Ефектот на среќа“, „Година на мајмунот“, „Втора Шанса“, „Неонски срца“, „Господ постои нејзиното име е Петрунија“, „Медена земја“, „Види ја ти неа“ и други.

# „Трето полувреме“

**Филмот „Трето полувреме“** е инспириран од вистинските случки во Македонија за време на бугарската окупација во Втората светска војна. Музиката за филмот ја компонирал композиторот Кирил Џајковски. Премиерата на филмот била во 2012 година во рамките на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ во Битола.

**Содржина:** „Трето полувреме“ е приказна за неколку луѓе собрани околу најважната работа во светот - фудбалот, за време на втората светска војна. Тоа е приказна за играчите на ФК „Македонија“ и нивниот германско-еврејски тренер Рудолф Шпиц, кој ги води кон титулата шампион на Нацистичката фудбалска лига.




Постер

Пред Втората светска војна, фудбалскиот клуб „Македонија“ од Скопје е просечен тим кој редовно ги губи натпреварите, претежно поради несериозниот однос на неговите играчи. Но, основачот на клубот Димитрија и понатаму сонува да направи шампионски клуб.

Најдобриот напаѓач на тимот, Коста, се вљубува во Ребека-убава и богата девојка. И таа се вљубува во Коста, но нејзиниот татко се спротивставува на нивната врска. Ребека ја напушта родната куќа и живее во бедна, дрвена колиба со својот маж.

Едно утро, бугарската војска ги собира сите скопски Евреи кои треба да бидат транспортирани во концентрационен логор. Претчувствувајќи ја смртта, таткото на Ребека и дава ланче со слика од нејзината мајка. Така, по играта на случајноста, единствено Ребека го избегнува прогонот на Евреите.



Сцена од филмот

Во Скопје доаѓа познатиот германски фудбалски тренер Рудолф Шпиц, кој се согласува да го тренира фудбалскиот тим. Благодарение на дисциплината и напорната работа ФК „Македонија“ постигнува забележителни резултати и влегува во категорија на клубови кои се борат за шампионска титула. Пред решавачкиот натпревар, бугарската војска го открива еврејското потекло на Шпиц и му забранува да присуствува на натпреварот. И покрај сите опструкции фудбалерите се борат со голема желба и ентузијазам, освојувајќи ја многу посакуваната победа. Неколку дена подоцна, власта го поништува резултатот и на клубот му ја одзема титулата Првак. Димитрија за да ја докаже верноста кон власта, мора да го однесе тренерот Шпиц во планината да го убие но не може да ја изврши наредбата и го пушта Шпиц да побегне. По тој настан сите играчи на клубот заминуваат во редовите на партизаните.



**Препорака за слушање:**

1.„Море сокол пие“ од филмот „Трето полувреме“ К Џајковски

2.Познати мелодии – песни од македонски филмови „Ако ми дадеш“, „Превртено“, „Танго До Балчак“, „Љубов е“ и други.

# Филмска музика од странски автори

**„Индијана Џонс“** е филмски серијал кој содржи четири авантуристичко – акциони филмови: Индијана Џонс: „Јавачите на изгубената арка“, „ Храмот на пропаста“, „Последната крстоносна војна“ и „Кралството на Кристалниот череп“. Филмот „Индијана Џонс“ **– „Јавачите на изгубената арка“,** е снимен 1981 година во режија на Стивен Спилберг. Главната улога во филмот ја толкува Харисон Форд. Музиката за филмот ја компонира Џон Тауннер Вилијамс.

Џон Тауннер Вилијамс (1932) е американски композитор, диригент и пијанист.


Џон Тауннер Вилијамс

Напишал музика за најпопуларните, најпрепознатливите и критички високо оценувани филмови во кинематографската историја.

Во неговата кариера која трае шест децении, Вилијамс освоил 24 Греми награди. Во 2005 година, со музиката за филмот „Војната на ѕвездите" - 1977 година, е прогласен за најуспешен автор на сите времиња.

## Кратка содржина на филмот „Индијана Џонс“

Дејствието се случува во 1936 година пред почетокот на втората светска војна. Индијана Џонс-археолог, е најмен од владини агенти да го пронајде златниот ковчег во кој се наоѓаат камените табли на кои се испишани десетте божји заповеди. Од особена важност е тоа да го стори пред тимот на нацистичките сили кои прибирале религиозни артефакти, помагани од најголемиот неријател на Џонс. Ковчегот (Арката на Господ) се сметало дека ја прави непобедлива секоја армија која го носи со себе и затоа претставувал значаен плен за сите оние кои знаеле дека постои.



Постер



Постер

Индијана Џонс успева да ја најде арката во Египет, но тимот на нацистите го заробуваат заедно со неговата пријателка и им ја одземаат арката. Тие изведуваат церемонија за отварање на ковчегот, но притоа духот на ковчегот одмазнички ги убива. Индијана и неговата пријателка успеваат да ја вратат арката и пренесат во САД каде истата ќе биде чувана под заштита на владата.

Во 1982 година, филмот е номиниран за осум Оскари, вклучувајќи ја и номинацијата за најдобар филм. Освоил четири оскари за: најдобар звук, монтажа, визуелни ефекти и сценографија.



**Препорака за слушање:** Главна тема од филмот „Индијана Џонс“.


МУЗИЧКО СЦЕНСКИ ДЕЛА
Опера
Оперета
Балет
Мјузикл

# Опера

Потребата од надополнување на изразот помеѓу театарската и музичката уметност се забележува уште кај старите Грци (V век п.н.е.) и продолжува и во Средниот век.

Кон крајот на **XVI век** во Фиренца - Италија, група истакнати музичари, филозофи писатели и уметници кои работеле под името **Camerata** ја насочиле својата работа кон обновување на античката грчка трагедија. Овие ренесансни настојувања создале нов вид на музичко-сценско дело со големи уметнички вредности наречено **опера.**

**Опера** е музичко сценско дело во кое изведувачите драмското дејство (содржината) го реализираат преку пеење. Вокалните солисти, хорот и балетските ансамбли, во улога на артисти ги придружува оркестар. Според тоа операта претставува синтеза од повеќе уметности: музика, игра, драма и ликовна уметност искажани преку сценска декорација и костимографија. Операта се состои од чинови, а чиновите се поделени на слики.
Називот опера потекнува од латинскиот збор **opus** што значи **драма која се пее.**
Првата идеја за создавање на музичко дело од таков вид била на книжевникот Отавио Ринучини кој напишал текст со наслов **„Дафне“**, а композиторот **Јакопо Пери** соодветно на текстот напишал музика. Така настанала првата опера **„Дафне“ во 1594 година**.



Сцена од операта „ Дафне“
од Јакопо Пери



Јакопо Пери

Бидејќи ракописот од операта „Дафне“ бил загубен, за прва опера во музичката литература се смета неговата втора опера **„Евридика“,** која прв пат била изведена во **1600** година. Операта се развива во други градови во Италија и во европските држави: Франција, Англија, Германија и Австрија.
Од тој период па до денес операта ја има истата популарност, благодарение на големиот број на композитори кои своето творештво го посветиле на нејзиниот развој.

# Клаудио Монтеверди



Клаудио Монтеверди (1567 – 1643) е роден во Кармела - Италија. Се смета за најголем мајстор на оперската уметност. Операта **„Орфеј“ се смета за прво музичко сценско дело, премиерно изведена во 1607 година.** Како композитор драматичар постигнал потполно единство помеѓу музиката и драмата. Едноличните речитативи ги заменил со **арии** (музичка целина со развиена мелодиска линија). Го поставил темелот на создавање на оперскиот оркестар.

Клаудио Монтеверди



Сцена од операта **„Орфеј“** која и денес се изведува во современа варијанта на Карл Орф.

**Видови опера според видот на содржината**

**опера seria е сериозна опера**

**со трагична содржина**

**опера buffo е опера со шегобијна содржина која третира теми од секојдневието**



Сцена од операта „Аида“



Сцена од операта „Севилски бербер“

**Дали знаеш?**

Џовани Батиста Перголези со операта **„Слугинката господарка“ (изведба-1733)** и припаѓа на првата генерација на композитори на опера буфо.

**Развојни фази на операта**

Во поставување на рамнотежа помеѓу музиката и текстот, операта поминала низ три фази:

**Монодиска опера**

во која преовладува текст.

**Опера со нумери**

во која преовладува музика.

**Музичка драма**

во која подеднаква важност има и текстот и музиката.







Сцени од операта „Аида“


композитор
либретист
Создавање подготовка и изведба
на оперското дело
подготовка
изведба
костимограф
кореограф
режисер
корепетитор
оркестар
балет
солисти
хор
диригент
изведба

## Либрето



Текстуалната подлога на оперското дело се вика либрето. Преработката и адаптацијата на текстот ја прави либретистот. Може да се обработат теми од историското минато, љубовни, народни или од секојдневниот живот.

Либретото за операта може да биде специјално напишано или да биде преработка на постоечко драмско дело како на пример: „Кралот се забавува“ од Виктор Иго е либрето за операта „Риголето“; „Печалбари“ од Антон Панов е либрето за операта „Разделба“ и други.

## Композитор

Композиторот пишува музика инспириран од некоја содржина, која ќе биде либрето за создавање на оперско дело. По свое размислување и со употреба на музички изразни средства композиторот создава музичко дело кое ги соединува музиката и драмата. За успешно создавање на оперско дело треба да има постојана и добра соработка помеѓу либретистот и композиторот.

### Познати оперски композитори



Р. Вагнер



Џ. Верди



Ж. Бизе



Џ. Росини



Џ. Пучини



В. Белини

## Вокални интерпретатори

Носители на звучната реализација на оперското дело се вокалните интерпретатори. Тие се солисти или членови на вокалните ансамбли.
**Солистот** (машки или женски глас), има главна но и споредна-епизодна улога. Во интерпретацијата на оперското дело се применуваат различни стилови на пеење. **Бел канто- убаво пеење е** еден од попознатите стилови на пеење.
Примената на бел канто стилот е посебно потребна во посложените и потешки мелодиски линии. Пример: арија **Каста Дива** од операта Норма; **арија на Фигаро** од операта „Севилски бербер“ и други.



Марија Калас



Лучијано Павароти

На сцената истовремено можат да настапуваат повеќе солисти. Според бројот на исполнители составите можат да бидат **дуети-** двајца солисти; **терцети-** тројца солисти; и **квартети-** четворица солисти.
Улогата на овие состави е да се прикаже дијалог помеѓу два, три или четири лика.



Пеачки состави од операта „Риголето“

# Хор

**Хорскиот ансамбл** во операта се користи за масовни сцени преку кои композиторот го искажува моментот од драмското дејство кога сака да претстави поголема група на луѓе зависно од содржината на операта: селани, војска, работници и друго.

Составот на хорот може да биде мешан, машки, женски или детски.

Една од најуспешните хорски арии, која во оперското творештво остава посебен белег е хорската арија „Хор на Евреите“ од операта „Набуко“ од Џузепе Верди.





Сцени од операта „Набуко“

Хор на Евреите од операта „Набуко“
Џузепе Верди



# Оркестарот во операта



Местото на оркестарот во операта е помеѓу гледалиштето и сцената. Оваа традиција датира уште од времето на старогрчкиот театар. Композиторите користеле различни состави на оркестар зависно од нивните афинитети и времето во кое живееле.

Старогрчки театар-амфитеатар

## Диригент

Диригентот раководи со заедничката изведба на музичкиот дел од оперската претстава. Тој е реализатор на идеите на композиторот. Во интерпретацијата на делото диригентот внесува и сопствено чувство кое не треба да ги наруши општите карактеристики на операта во целост.



Зубин Мехта



Рикардо Мути



Оскар Данон

## Корепетитор

За успешна изведба на оперското дело диригентот континуирано соработува со корепетиторот (помошен диригент) на хорот и солистите. Музичар кој на пијаното ги придружува и ги разработува мелодиските линии на пејачите, хорските и балетските ансамбли.

## Режисер

Режисерот е задолжен за сценската реализација на оперското дело. Тој соработува со целиот тим: сценограф, кореограф, костимограф, другите учесници, солистите и хорот и им помага околу нивниот настап и реализација на нивните улоги.

## Сценограф

**Сценографот** е ликовен уметник кој треба да го осмисли, нацрта и постави сценскиот декор соодветен на времето и местото на драмското дејство. Со овозможување на современа поставка на оперското дело, сценографот може да развие и употреби високи стандарди за промоција на своите замисли и идеи.



Сцена

## Кореограф



Кореографија

**Кореограф** е балетски уметник, кој треба да ги осмисли и обликува движењата, чекорите и фигурите на балетските уметници.

## Костимограф



Костим

Ликовен уметник кој треба да поседува големо познавање за различните стилови и начинот на облекување во различни временски епохи. Дизајнира нацрти за облеката на солистите, хорот и учесниците во балетските ансамбли кои треба да бидат прилагодени на драмското дејство.



Костим

**Дали знаете?**

Во финалната реализација на оперското дело учествува и **суфлер** (лице кое им помага на изведувачите доколку се јави потреба од помош во текстот) и **инспициент** кој се грижи за навремена подготовка за настап на изведувачите.

# Опера „Аида”- Џузепе Верди



Џузепе Верди

Џузепе Верди (1813-1901) е италијански композитор кој живее и твори во така нареченото време на (bel canto) - убаво пеење.
Роден е во Ле Ронколе во Италија. Поради лошата финансиска состојба, на единаесет годишна возраст почнал да свири оргули во локалната црква. Неговиот заштитник Антонио, трговец и љубител на музиката, му помогнал да го започне музичкото образование во Милано.

Поради старосната граница, не ги исполнил условите за упис на Конзерваториумот, и продолжил со приватни часови кај композиторот Лавиња. По смртта на оргуљашот Провеси, во Бусет, ја превзема неговата работа. Две години подоцна се жени со ќерката на неговиот заштитник, но набргу останува сам по смртта на неговата жена и двете деца. Во тоа време Верди дебитира како оперски композитор што му овозможило да се пресели со место на живеење во Милано. Така настануваат неговите опери: „Набуко“, „Риголето“, „Трубадур“, „Травијата“, „ Отело“, „Бало под маски“, „Моќ на судбината“, „Дон Карлос“ и операта „Аида“, која настанува во чест на отварањето на Суецкиот канал. Верди доживеал длабока старост и голем успех. Неговиот вечен дом се наоѓа во Музичкиот Институт „Верди“ во Милано.



Сцена од операта

# „Аида” - опера во 4 чина

## I чин

Дејствието се одвива во Египет во време кога се подготвува судир помеѓу Египет и Етиопија.

Младиот воин Радамес, длабоко во душата посакува да биде избран за војсководец. Тој верува дека ќе ја освои младата робинка од Етиопија, принцезата Аида, која веќе е вљубена во него. Во Радамес е вљубена и египетската принцеза Амнерис, иако забележува дека Радамес негува чувства кон Аида.



Сцена од операта

Фараонот објавува војна на Етиопија. Радамес го назначува за војсководец. Настанот сите го прославуваат, но, Аида се бори со судирот на своите чувства. Од една страна посакува нејзиниот сакан да го оствари својот сон и да стане војсководец, но, од друга страна чувствува болка поради патриотските чувства и загриженоста за нејзиниот татко и брат.

Во храмот се одвива ритуал на молитва за победа и осветување на оружјето на Радамес.



Сцена од операта

## II чин

Амнерис со нетрпение го очекува исходот од војната. Набргу дознава за победата на Радамес. По оваа случка таа сака да ги провери чувствата на Аида кон него. Ја повикува робинката да и ја соопшти лажната вест дека Радамес е мртов. На лицето на Аида се забележува голема тага, но, откако ја дознава вистината дека Радамес е жив, на нејзиното лице се гледа неизмерна среќа. Сега, Амнерис нема сомнеж дека помеѓу нив ќе владее соперништво.

По победата, Радамес триумфално влегува во Египет, носејќи голем број заробеници. Помеѓу нив Аида го забележува својот татко, етиопискиот крал- Амонасроа. Тој ја моли ќерка си да не го открива неговиот идентитет.

Радамес ја забележува големата болка и љубов на Аида. Тој знае дека нејзиниот татко е храбар и чесен човек. За постигнатиот успех, Фараонот сака да го награди Радамес. На понудата да му исполни една желба, тој бара робовите да не бидат убиени. Фараонот ја прифаќа желбата но истовремено му ја нуди и раката на својата ќерка Амнерис.



Сцена од операта

**III чин**



Сцена од операта

Вечерта пред венчавката, Амнерис заминува на обред во храмот. Аида го чека Радамес на договорената средба. Обземена со носталгија за татковината и тагата поради венчавката, таа ја замислува реката Нил како своја гробница. Во тој миг се појавува нејзиниот татко. Тој бара од нејзе да открие информации за следниот напад врз Етиопија.

На средбата со Аида, Радамес и ветува вечна љубов, откривајќи и ги плановите за следниот напад. Се појавуваат Амонастро, Амнерис и свештеникот Рамфис. Таткото на Аида кажува дека го слушнал планот. Тој ја грабнува ќерка си и тие бегаат. Радамос го апсат како предавник.

**IV чин**

Во овој чин принцезата Амнерис се прикажува како комплексен лик.
Амнерис му нуди слобода на Радамес доколку тој се ожени со неа.
Радамес не ја прифаќа понудата.
Додека ја чека пресудата на Радамес, принцезата Амнерис, со нескриена болка и вознемиреност ги проколнува судиите и законот.
Радамес е осуден да биде жив погребан, во камена гробница.Тој набрзо открива дека не е сам. Во гробницата е Аида, која е дојдена за да ја сподели судбината со него.
Епилог (исход): долниот дел од сцената ја претставува гробницата каде од животот се простуваат несреќните љубовници, а на горниот дел, во храмот, Амнерис се моли за мир.



Сцена од операта



**„Триумфален марш“** е многу позната мелодија од операта „Аида“. Фанфарниот звук на инструментот труба, маршовскиот карактер и ритамот го доловуваат свечениот момент на победа.

Препорака за слушање фрагменти од опери:
1.Дует на Папагено и Папагена од операта „Волшебната флејта“- В. А. Моцарт.
2.„Хабанера“ од операта „Кармен“- Ж. Бизе.
3.„Арија на Фигаро“ од операта „Севилскиот берберин“ - Џ. Росини.

1.Самостојно истражувај за опери од странски композитори.

# Развојот на операта во Република Северна Македонија

**Македонската опера** како професионален уметнички ансамбл е основана во **1948 година,** во состав на **Македонскиот народен театар (МНТ)**.

Чинот на создавање на Македонската опера започнува во февруари-март 1947 година.
Прва опера изведена во Македонија е операта „Кавалерија Рустикана“ од Пјетро Маскањи, на **9 мај 1947** година, под диригенство на **Тодор Скаловски.**



Сцена од операта „Кавалерија Рустикана“

На 24 мај 1954 година премиерно е изведена **првата македонска опера „Гоце“** од македонскиот композитор **Кирил Македонски.** Режијата на оваа изведба е на **Петре Прличко,** а како солисти настапиле: Данчо Митровски, Зина Крељa и Калина Милошевска.
Овој модел на театарска организација (драма-опера-балет), е променет во 2004 година, кога МНТ го задржал драмскиот ансамбл, а Операта и Балетот станале посебна организација наречена **Македонска опера и балет (МОБ).**



МОБ работи во рамките на МНТ во големата и исклучително функционална театарска зграда изградена 1927 година, која за време на земјотресот на **26.07.1963** година е срушена.

Старата зграда на Операта

По земјотресот, МНТ работи во привремениот објект Театар Центар, до изградбата на новата зграда на Македонскиот народен театар, во **1982 година.**
На **10.02.1983 година**, е отворен новиот објект на Македонската Опера и Балет.
**Национална опера и балет** (**НОБ**) е државна културна установа и најстара установа од овој вид во Р С Македонија.



Национална опера и балет

# Опера „Деспина и мистер Докс“
## Димитрије Бужаровски



Димитрије Бужаровски

**Димитрије Бужаровски** (1952 година, Скопје) е истакнат македонски композитор, музиколог и професор.
Личност со интереси во различни полиња: композиција, музикологија, компјутерска и електронска музика, интерпретација, образование, менаџмент и научно - истражувачка работа.

**Творештво**: симфонии, ораториуми, опери, балети, сонати, суити, вокални циклуси, камерна музика, музика за соло инструменти.
Има напишано музика за над 60 филмови, телевизиски и театарски проекти.

Бужаровски е активен и како пијанист, изведувач на синтисајзери и диригент. Како диригент ги поставил своите дела-оперите: „Шеќерната приказна“ и „Деспина и мистер Докс“, ораториумот „Радомировиот псалтир“, „Нонет концертот“, кантатата „Т'га за југ“ итн.

Во 2000 година го формира Институтот за истражување и архивирање музика - ИРАМ кој претставува најдобра илустрација за комплексноста на неговата уметничка, научна, образовна и организаторска дејност.

Димитрије Бужаровски бил биран на повеќе општествени функции: Претседател на Сојузот на композиторите на СФРЈ, Претседател на Универзитетскиот совет на УКИМ, Претседател на Советот на фестивалот Охридско лето, член на правниот комитет на Европската асоцијација на фестивалите итн.

**„Шеќерната приказна“** е создадена 1976 година, изведена од ансамблот на операта при МНТ, Лирскиот оперски театар во Темпи, Аризона. Како либрето го користи текстот на Славко Јаневски.

1. Самостојно истражувај и гледај инсерти од операта „Шеќерната приказна“.

# „Деспина и мистер Докс“
## опера во три чина

**Кратка содржина:**
„Деспина и мистер Докс“ е комична опера во три чина. Создадена е 1991 година. Либретото е на Миле Попоски и Димитрије Бужаровски. Како идеја се надоврзува на познатото либрето на Бомарше за Севилскиот берберин со преработка на ситуации и ликови во македонски услови.


Сцена од операта

Дејствието се случува во Охридскиот крај, во пансионот на Деспина.
Таа е убава, паметна, културна, образована и музикална девојка.
Мистер Докс, е син на Тоше, кој како дете овчарче од охридските села, заминал на печалба во Канада.
Станал голем капиталист, сопственик на фабрики, фарми, бензински пумпи, старски домови и друго.

Друштво на млади девојки и момчиња се собираат во пансионот на Деспина. Следи претставување на личностите преку арии кои се темелат на преработки на народни песни.
“Те видов јас и се заљубив
и глава млад си изгубив
И сега глава ме заболе
ееееј, глава што си оставив......“ е песната со која им се претставил мистер Докс, на собраните девојки и момчиња.


Дует на мистер Докс и Деспина


Сцена од операта

Во операта е разработен веќе познатата тематика, враќањето на нашите иселеници во родната земја, да си најдат невеста.
Така и мистер Докс, дошол во родниот крај да си најде „Убо и паметно чупе“.

Операта е снимена со Коле Ангеловски како режисер во радио верзија во Македонското радио. Изведена е 19 пати со студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје, како самостоен проект, во Младинскиот културен центар, низ повеќе градови на Македонија, и во Виенскиот камерен оперски театар.

1.Истражувај за оперското творештво во Македонија.
2.Самостојно истражувај и гледај инсерти од горе наведената опера. Дознај каков е крајот на содржината на операта.

## Оперета

Оперета е музичко сценско дело, со ведра, шегобијна и забавна содржина. Драмското дејство се реализира преку пеење, свирење, глума и говорни дијалози. Оперетата произлегла од француската Opera Comique (комична опера) во средината на 19-от век да ги задоволи потребите за кратки лесни дела кои претставуваат контраст на делата кои спаѓаат во Opera seria.

Жак Офенбах се смета дека ги напишал првите оперети како што се најраните едночински хитови „Двајцата слепи луѓе“, „Ба-та-клан“ и првата целосна оперета со голем успех „Орфеј од подземниот свет“.

Популарноста на оперетата ги надминува француските граници, и се проширува во Англија, Германија, Австрија и пошироко. Најзначаен композитор на оперета на германски јазик е австриецот Јохан Штраус помладиот, со неговата најпопуларна оперета „Лилјакот“. Виенската традиција ја продолжуваат Франц Лехар, Оскар Штраус, Карл Целер, Лео Фал и др.

Берлин станал центар на германската оперета. Се одликувала со сопствен стил особено по првата светска војна. Овој стил вклучувал новитети како што се елементи на џез, други синкопирани танцувачки ритмови и присуство на регтајм марширачки мелодии. Меѓу првите оперети е „Девојката од црната шума“ од Леон Јесел. Други автори на оперети се: Пол Линке, Едуард Кунеке, Жан Гилберт и др.

Врвот на оперетата на англиски јазик бил достигнат од Гилберт како писател на либрета и Саливан Вилијам како композитор на музиката. Развојот на оперета продолжува во 20-от век со дела од композиторите: Едвард Герман, Лајонел Монктон и Харолд Ф. Симсон.



Сцена од оперетата „Лилјакот“

# Оперета „Лилјакот“ - Јохан Штраус



Оперетата како театарски жанр многу брзо ја прифатила и виенската публика. Во творештвото на Јохан Штраус, таа го нашла своето задоволство и најпопуларниот претставник на оперети.

Негово прво дело од овој жанр е „Индиго и 40-те разбојници“ (1871), но негова најуспешна оперета е „Лилјакот“ (1874), која што станала најизведуваната оперета во светот и до ден денес останала неговото најпопуларно музичко-сценско дело.

Јохан Штраус

За реализација на оваа оперета потребни се пеачи со големи гласовни можности и глумачки способности, балерини, хорски ансамбл и одлично поставен оркестар. „Лилјакот“ набргу бил поставен на репертоарот на Дворската опера, подоцна државна опера во Виена. Оперетата била прифатена и во други угледни оперски куќи во Европа и пошироко.

Лилјакот е оперета компонирана од Јохан Штраус на либрето од Карл Хафнер и Ричард Гене.

Оригиналниот извор за текстуалната подлога на оперетата Лилјакот бил напишан од Јулиус Родерик Бенедикс познат под наслов „Затворот“. Друг извор е француската драма „Полноќна вечера“ на Анри Мелјак и Лудвик Алеви. Поради присуството на специфичните француски обичаи, Ричард Гене направил адаптација на драмскиот текст во либретото со **виенски бал**, наменето за Јохан Штраус.



Сцена од оперетата

Оперетата е поставена, и премиерно изведена на 5 април 1874 година во Виена. Од тогаш, таа редовно е дел од репертоарот на операта во Виена.

# „Лилјакот“ оперета во три чина

**Прв чин** Габриел фон Ајзенштаун е осуден на осум дена затвор поради навреда на државен службеник, делумно по вина на неговиот адвокат д-р Блинд. Адела, слугинката на Ајзенштајнови, добива покана од нејзината сестра да присуствува на балот на принцот Орловски. Со друго образложение, Адела бара слободни денови.
На балот е поканет и Ајзенштајн . Тој заминува од дома кажувајќи и на својата сопруга Розалинда дека оди во затвор.
По неговото заминување Розалинда ја посетува нејзиниот љубовник Алфред професор по пеење. Франк управителот на затворот доаѓа да го приведе Ајзенштајн, но наидува на Алфред кој ја прифаќа улогата да биде Ајзенштајнер.

**Втори чин**

Во вилата на принцот Орловски се прави забава. Со дозвола на Орловски Фалке е диригент на балот, чија цел е да му се одмазди на Ајзенштајн поради повредата што тој претходно му ја нанел, оставајќи го на улица во пијана состојба облечен како лилјак. Дел од планот на Фалке е присуството на Франк, Адела и Розалинда.
Принцот ги пречекува своите гости меѓу кои и Розалинда во улога на унгарска контеса, Ајзенштајн под името Маркиз Ренард, Франк-кавалер (коњаник) Шагрин, и Адела во улога на глумица. Гостите се забавуваат и разговараат со наклоност едни кон други, не препознавајќи се меѓусебно. Розалинда успева да украде часовник од џебот на нејзиниот сопруг, кој покасно ќе го приложи како доказ за недолично однесување. Во момент на невнимание, раскажувајќи ја случката за лилјакот, Ајзенштајн ја открива својата личност. Управникот на затворот и Франк во пијана состојба се спријателуваат и ја напуштаат забавата одејќи кон затворот.

**Трети чин**

Наредното утро сите се наоѓаат во затворот. Во отсуство на управникот владее атмосфера на збунетост поради пијанството на затворскиот чувар Фроси. Знаејќи за измамата на Габриел, Розалинда носи одлука да започне постапка за развод. Адела и нејзината сестра Ида ги носат во притвор.
Овој заплет кулминира со изјавата на Фалке кој ја признава вистината дека случката е одмазда за „Лилјакот“. Ајзенштајн го признава своето неверство и останува во затвор да ја одлежи изречената казна.



**Препорака за слушање:**
1.Увертира „Лилјакот“ Ј. Штраус.
2. Дует на Розалинда и Ајзенштајн од оперетата „Лилјакот“ Ј.Штраус.
3.Валс од оперетата „Лилјакот“ Ј. Штраус.
4.Арија на Адел од оперетата „Лилјакот“ Ј. Штраус.
5.Чардаш од оперетата „Лилјакот“ Ј. Штраус.
6.„Кан- кан“ од оперетата „Орфеј од подземниот свет“-Ж. Офенбах.

# Балет

**Балет** (италијански **balletto**-игра, танц) е музичко-сценско дело во кое драмското дејство се изразува преку движење, танц и пантомима во придружба со музика.

Првите форми на балет се среќаваат во примитивните магиски игри, културните обреди на старите цивилизации, грчката трагедија и комедија, во игрите на уличните пеачи и забавувачи во средниот век. Како театарска форма на игра балетот почнал да се развива во западна Европа за време на ренесансата (1300-1600) година.
Во Франција, на свечените приредби се развил дворскиот балет како синтеза на игра, музика и текст.
Со отварањето на балетските школи (1661) почнува историјата на класичниот балет, кој се одликува со јасни движења, изрази, пантомима и чувства.

## Развојот на балетот како уметничка форма

Во XVII-тиот и XVIII-тиот век балетот почнал да се прикажува како составен дел од операта (интермецо).
Потоа следи период на големо унапреднување на техничките стандарди на балетот. Во XIX-тиот век балетот станал сериозна, драматична, самостојна уметничка форма, на исто рамниште со операта. Клучен дел на овој напредок бил епохалниот труд на Жан- Џорџ Нувр, кој емоциите ги искажува преку телата и лицата на танчерите.





Балетски танчари од Едгар Дега, 1872 година

**Класичниот балет** е најформален балетски стил кој се придржува до традиционалната балетска техника. Според местото на потекло, постојат варијанти на: руски, француски, англиски и италијански балет. Препознатлив е по уникатните карактеристики и техники, високите протегнувања, грациозните, лесни и прецизни движења.



Сцена од класичен балет



**Романтичниот балет** бил инспириран од приказни и легенди, применувајќи класична балетска техника во која се забележуваат елементи од темпераментните народни игри.

Во почетокот на XX век, Сергеј Дјагилјев со група млади кореографи и музичари создава модерен балет кој тежнее кон единство на танцот и музиката.

**Модерниот балет** ги користи естетските компоненти од класичната балетска техника, традиционалните и модерните народни игри но применува и современ балетски израз.



Исидора Данкан е основоположник на модерниот танц. Таа е прва балерина која танцува боса.



Сцени од модерен балет

Исидора Данкан

**Познати балетски дела се:** „Лебедово езеро“, „Оревокршачка“, „Заспаната убавица“ од Петар Илич Чајковски; „Жизел“ од Адолф Адам; „Рајмонда“ од Борис Глазунов; „Жар птица“, „Петрушка“ од Игор Стравински; „Ромео и Јулија“, „Пепелашка“ од Сергеј Прокофјев; „Есмералда“ од Чезаре Пуњи; „Дон Кихот“ од Лудвиг Минкус; „Копелија“ од Лео Делиб; „Охридска легенда“ од Стеван Христиќ и други.

# Термини во балетот

Создавањето на балетската претстава се темели на претходно компониранaта музика врз основа на предложеното либрето.
**Кореографот** ја има главната улога во поставката на балетската претстава. **Кореографија** е игрaчката уметност во целина, која ја изведува играчот (балерина,балетан) или група играчи.
**Дивертисман** е концертна програма составена од игри различни по жанр и по карактер.
**Костимографот** има за задача да изработи успешен и впечатлив дизајн на балетските костими. Женската и машката балетска облека (одора), треба да ја истакне фигурата на телото и да биде удобна за реализација на танчерските движења.



балетски патики



Сцена од балетот „Заспаната убавица“

Балетот „Заспаната убавица“ прв пат е изведен 1890 година во Петроград (денешен Санкт Петербург) , во поставка на францускиот танчер и кореограф Мариус Петипа. Како резултат на добрата кореографска поставка станал дел од репертоарот на сите сцени во светот, со помалку или повеќе измени од првата верзија.

## Балетски уметници

**Примабалерина асолута** е највисока титула која може да ја добие интерпретаторка на класичниот балет. Доделена е неколку пати во историјата на балетската уметност.
**Примабалерина** е најистакната солистка во балетската група. Терминот подразбира уметник кој игра дел од класичниот репертоар. Во групите кои се занимаваат само со модерен балет не е вообичаено доделување на оваа титула.
**Солисти** се балетски уметници (машки и женски) кои ја изведуваат првата и втората улога во претставите или солистичките нумери.
**Ансамбл** (машки и женски) се балетски играчи кои играат заеднички сцени, без поединечни делови или самостојни нумери.

# Балет „Лебедово езеро“ - Петар Илич Чајковски



**Петар Илич Чајковски** (1840-1893) е руски композитор, кој живеел и творел во втората половина на XIX-тиот век. Уште како дете покажал интерес кон музиката, посебно кон руската народна музика. Иако поседувал музички талент, по желба на неговите родители студирал право. На 23 годишна возраст запишал студии по музичка теорија и композиции на конзерваториумот во Петроград.

П. И. Чајковски

Неговиот оригинален музички јазик се забележува уште во првите негови дела (1866-1877): Првата симфонија, увертирата „Ромео и Јулија“ и балетот „Лебедово езеро“.
Благодарение на Надежда фон Мек, руска благородничка и љубителка на неговата музика, бил материјално независен. Доживеал голем успех со неговите настапи како диригент изведувајќи ги своите дела во Русија, Европа и Северна Америка. Во неговото творештво се забележуваат елементи од рускиот и фолклорот на другите народи. Значајно место во музичката литература имаат неговите шест симфонии; музичко-сценските дела-оперите: „Евгениј Онегин“ и „Пикова дама“; балетите: „Лебедово езеро“, „Заспаната убавица“ и „Оревокршачка“.

- Некои музиколози тврдат дека шестата симфонија Чајковски ја напишал како свој Реквием.

- Комуникацијата помеѓу Надежда фон Мек и Чајковски била исклучиво преку писма (си пратиле 1200 писма). Никогаш не се виделе.



Сцена од балетот „Лебедово езеро“

# „Лебедово езеро“, балет во четири чина

**Прв чин**

Во градината на дворецот се одвива прославата по повод 21-от роденден на принцот Зигфрид. Разиграните кралски претставници и дворјаните го пречекуваат принцот со радост и возбуда, а младите девојки со надеж дека ќе го освојат срцето на младиот принц.



Прослава во дворецот

Мајката на принцот му подарува лак и стрела, изразувајќи ја својата желба и надеж дека една од девојките ќе биде негова избраница со која ќе договорат брак. Несогласувајќи се со веќе одредена иднина од страна на неговата мајка, Зигфрид го зема подарокот и со група пријатели заминува во блиската шума.

**Втор чин**

Одејќи низ шумата, во еден миг Зигфрид се одвојува од групата и ја здогледува прекрасната глетка на езерото во кое грациозен лебед со круна на главата, плива опкружен со белите лебеди. Обземен со убавината на лебедот, принцот им наредува на пријателите да заминат. Тој останува сам уживајќи во зајдисонцето. Со последните зраци на сонцетого го снемува и лебедот, претворајќи се во прекрасна млада девојка. Нејзиното име е Одет, кралицата на лебедите. Одет му раскажува на принцот за лошиот волшебник кој неа и нејзините другарки ги маѓепсал и ги претворил во бели лебеди. Прекрасното езеро во кое ги поминуваат деновите е создадено од солзите на нивните родители. Единствениот начин да се прекине магијата е ако маж со чисто срце се заколне на љубов кон неа.

Во моментот кога Зигфрид сака да и изјави искрена љубов на Одет, волшебникот Родбарт, кој всушност е преправениот ментор на принцот, ја оттргнува од неговата прегратка.Тој им наредува на лебедите-придружнички да танцуваат по езерото за да оневозможат принцот да и помогне на Одет.

Набрзо, принцот останува сам.



Танц на Одет и Зигфрид

**Трет чин**

Во дворецот, сè е подготвено за свечената церемонија. Во чест на принцот Зигфрид танцуваат принцези од различни кралства. Тој не може да избере ниту една од нив, зашто неговото срце копнее само за Одет. Слугите го најавуваат доаѓањето на Вон Ротбарт и неговата ќерка Одил која е преправена во Одет.

Водушевен од нејзината убавина, Зигфрид ѝ се колне на вечна љубов. Очајна од глетката Одет одлетува во ноќта. Во тој момент Зигфрид се освестува, го чувствува плачот на Одет, и оди да ја пронајде.



Танц во дворецот

**Четврти чин**

Покрај разбранетото езеро, Одет е вознемирена и натажена. Доаѓа Зигфрид, кој чувствува вина што ја изневерил својата вистинска љубов. Тој ја моли Одет за прошка. За кратко време на езерото пристигнуваат волшебникот Вон Ротбарт и неговата ќерка Одил. Волшебникот го потсетува Зигфрид дека мора да го исполни ветувањето кон неговата ќерка. Двајцата започнуваат меѓусебна борба, а принцот соопштува дека попрво ќе умре со саканата отколку да ја ожени Одил. Тој ја зема Одет за рака и скокаат во езерото. Магијата е скршена, останатите лебеди добиваат човечка форма и ги одвлекуваат волшебникот и Одил во езерото во кое тие се дават. Душите на вљубените Зигфрид и Одет се издигнуваат над лебедовото езеро.



Душите на вљубените Зигфрид и Одет

**Епилог:** На хоризонтот се појавуваат првите сончеви зраци. Сведокот на настанот, злобниот волшебник, сфаќа дека ако постои саможртвување, тогаш постои и вистинска љубов. Со покајување го запира сонот на момчето. Пред него се појавува Одет од неговиот сон. Ротбарт заминува, разочаран дека не може да ја уништи вистинската љубов.



**Препорака за слушање**:

1. Примери од балетот „Лебедово езеро“ П. И. Чајковски:
а) Главна тема б) Валс в) Валс на лебедите г) Соло на Одета
д) Танц на малите лебеди.
2. „Жизел“ од балетот „Жизел“- А. Адам.

# Балет „Лабин и Дојрана“ -Трајко Прокопиев



Некогашен МНТ

Развој на балетот во Република Северна Македонија започнал со работата на Балетот на МНТ. Со основањето на Операта во 1948 година, со балетското студио, заедно со Ѓорѓи Македонски, раководела Анализе Асман, германска балерина и учителка по оваа уметност.

Под диригентската палка на Трајко Прокопиев, на сцената на Македонскиот народен театар, на 27 јануари 1949 година изведена е првата балетска претстава „Валпургиска ноќ“ од Шарл Гуно. Кореографијата ја изработил Ѓорѓи Македонски, а балетскиот ансамбл бил составен од играчи од разни средини, како и од членовите на Балетското студио. Во 1950 година, балетското студио прераснува во нижо, а потоа и во Средно балетско училиште, кое и денес работи во составот на Музичко-балетскиот училиштен центар.



Трајко Прокопиев

**Трајко Прокопиев** (1909-1979), роден во Куманово, е македонски композитор и диригент. Средно музичко училиште завршил во Белград. По втората светска војна (1946) образованието го продолжува во Белград и Прага.
По враќањето се посветува на развојот на музичката култура во Р Македонија. Бил прв директор на Средното музичкото училиште во Скопје, главен музички уредник на Радио Скопје, диригент на Симфонискиот оркестар и на Операта при Македонскиот народен театар во Скопје. Бил директор на Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“.

**Творештво**

Неговото творештво е мошне богато и плодно. Во него користи мотиви од народни песни, карактеристични за кумановскиот крај, стилизирани хорски ракатки, камерни минијатури и друго.
Од сценско-музичката дејност, познати дела му се: балетот „Лабин и Дојрана“ и оперите „Разделба“ и „Кузман Капидан“. Автор е на музиката за првиот македонски филм „Фросина“.
Приказната за „Лабин и Дојрана“ е митолошки настан поврзан со настанувањето на Дојранското езеро. Според настанот самовилите се натприродни суштества чија моќ е над човековата.
На адаптираниот текст на овој митолошки настан, Трајко Прокопиев ја напишал музиката за балетот „Лабин и Дојрана“. Праизведбата е одржана на 11 јули 1958 година во Македонски народен театар, Скопје.

# Балет „Лабин и Дојрана“



На брегот на Дојранското езеро се среќаваат момчето Лабин и неговиот другар Огнен. Инспириран од убавината на водите на Дојранското езеро, Лабин свири на својот кавал. Волшебниот звук на кавалот ги мами трите сестри самовили да излезат од езерото и да заиграат самовилски танц. Кога ги видел Лабин се воодушевил од нивната убавина.

Сцена од балетот „Лабин и Дојрана“

Според легендата, тој знаел дека моќта на самовилите се наоѓа во нивните кошули. Не можејќи да и одолее на убавата Дојрана, Лабин ја задржува нејзината кошула. Таа е принудена да остане да живее со Лабин.
Времето минувало, а тие среќно живееле во љубов и слога. Огнен, другарот на Лабин, се подготвува за својата свадба. На свадбата се поканети и Лабин и Дојрана. На свадбената веселба сите ја молат убавата Дојрана да заигра самовилски танц. Таа го моли Лабин да и ја врати самовилската кошула бидејќи без неа не може да заигра. За да ја исполни желбата на Дојрана, Лабин и ја враќа кошулата. Занесена во магијата на танцот Дојрана ја добива самовилската моќ и исчезнува засекогаш.

Со големи колористични и динамички можности, инструментот **флејта** ги имитира топлите и тажни звуци на народниот инструмент **кавал** изведувајќи ја главната тема-мелодија во нерамноделен 5/8 такт.





Препорака за слушање:
1.„Лабин и Дојрана“, Трајко Прокопиев.

# Мјузикл




Сцена од „Коса“

**Мјузикл** е музичко-сценско дело со забавен и лесен карактер, со дијалози, музички и танчерски точки. Најчесто има два чина.
Настанал околу **1900** година на **Бродвеј** во **Њу Јорк,** како одраз на американскиот забавен живот. Во почетокот претставувал синтеза од бурлески, пантомима, балет и оперета.
Изведбите на музичките точки имаат белег на забавна песна и џез музика. Успешните либрета се темелат на вредни литературни дела. Сето тоа допринело мјузиклот да стане самостојно музичко-сценско дело.

Околу 1930-та година мјузиклот се пренел и во Европа, најпрво во Англија, Франција и во Германија. Многу мелодии од тоа време стануваат популарни како евергрини: мелодијата **„Мариа“** од **„Приказна од западната страна“** и **„ Не плачи за мене Аргентина“ од „Евита“.**
Од 1920-1960 година, е време на уметничката зрелост на мјузиклот. Во овој период зајакнува поврзаноста помеѓу песната, играта и содржината. Познати автори на мјузикли од тоа време се: **Жером Кирн „Шоу брод“; Леонард Бернштајн „Приказна од западната страна“; Ричард Роџерс„Оклахома“** и други.
По тој период популарноста на мјузиклот продолжува. Се создаваат мјузикли под влијание на рок музиката: **„Исус Христос супер ѕвезда“** и **„Коса“.** Најпознат автор во втората половина на XX-тиот век бил **Ендру Лојд Вебер, со мјузиклите: „Мачки“, „Фантом од операта“ и „Евита“.**



Сцена од „Мачки“



сцена- Cell Block Tango-Čikago







Сцени од мјузиклот „Мама миа“

# Убавицата и ѕверот
## филмски мјузикл – Алан Менкен

**Алан Менкен** е американски пијанист, композитор и диригент.
Својата професионална дејност ја почнал како балетски корепетитор во Еврејскиот културен центар во Њујорк и автор на музика за реклами.
Својот сон го остварил 1978 година, кога ја напишал музиката за мјузиклот „Да ве благослови Господ, господине Роузвотер”.
Од тогаш се редат уште многу успеси во неговата кариера.



Алан Менкен

Во 1980 година започнува соработка со Дизниевата компанија.
Своето творештво го насочил во создавање на музика за анимиран филм. Се прославил со музиката за анимираниот филм „Мала сирена”, која му ги донела наградите, Златен глобус и Оскар.

За анимираниот филм „Убавицата и Ѕверот“, заедно со Хауард Ешман ги добиваат наградите за: најдобар филм, најдобра оригинална музика, најдобра песна ...

Уште поголем успех постигнува истоимениот филмски мјузикл „Убавицата и Ѕверот” кој ги содржи обработените верзии на сите песни од анимираниот филм и уште две оригинални песни.

Мјузиклот премиерно е прикажан 2017 година.
Главните улоги ги толкуваат Ема Вотсон, како убавицата Бел и Ден Стивенс како Ѕверот.

Алан Менкен е автор на музиката за филмот, во која се вклучени и нови снимки, како и некои нови мелодии. Оригиналната песна за овој мјузикл „**How Does a Moment Last Forever**“ ја пее Селин Дион. Истата балада во дует ја исполнуваат Џон Леџенд и Аријана Гранде.

# „Убавицата и ѕверот”, филмски мјузикл

Мјузиклот „Убавицата и ѕверот” е создаден врз основа на истоимената бајка, на познатиот француски писател Шарл Пероа.




Постер

Богатиот трговец со своите три ќерки живее раскошен живот во голема куќа. Но, тој го губи богатството, и поради тоа е принуден да живее скромно.
Најмладата ќерка, која поради својата убавина го носи името Убавица, се обидувала да му помогне на татка си за разлика од другите две кои постојано се жалеле.

Еден ден таткото дознава дека еден од неговите бродови е вратен во пристаништето, поради што се спрема на пат. Постарите ќерки му порачуваат скапоцени подароци, а Убавицата има само една желба: татко и да се врати дома. На инсистирање на таткото, сепак да избере подарок, таа посакува една роза.
При враќањето накај дома, трговецот го зафаќа големо невреме, и тој го губи патот. По долгото талкање здогледува дворец и се упатува кон него, не знаејќи дека тука живее страшен ѕвер, кој некогаш бил убав принц. Волшебничката го маѓепсала принцот поради неговата суровост, а магијата можела да ја симне само љубовта на девојка.

По поминатата ноќ во дворецот, трговецот рано наутро тргнува на пат. Поминувајќи низ градината ги забележува прекрасните рози, се сетува на желбата на најмалата ќерка и кине една роза. Во тој миг го здогледува Ѕверот, господарот на дворецот. Молејќи го да му прости, тој му објаснува зошто ја скинал розата. Ѕверот се согласува да му прости, но под еден услов. Да донесе една од неговите ќерки.
Откако дошол дома, таткото им раскажал на ќерките за случката. Убавицата веднаш се согласила со предлогот на својот татко. Заедно заминуваат, и таткото со болка во душата ја остава својата ќерка во замокот.



Сцена од мјузиклот

Убавицата деновите ги поминувала во соба. Ѕверот никогаш не се појавувал. Таа го слушала само неговиот глас. Со тек на време и двајцата се повеќе уживале во своите разговори без да се видат.
Една вечер во градината, ѕверот се појавил пред Убавицата. Таа, иако исплашена, го замолила да остане бидејќи ја забележала големата тага во неговиот глас.

Еден ден таа го замолила Ѕверот да и дозволи да го посети нејзиниот татко. На Ѕверот му ветила дека ќе се врати по осум дена. Деновите поминувале брзо, а Убавицата занесена во семејната среќа не се вратила на време. Една вечер го сонувала ѕверот како умира. Исплашена го ставила волшебниот прстен кој и го подарил ѕверот на рака, и за миг се нашла во дворецот.

Таму го наоѓа ѕверот во голема тага и болка по неа. Убавицата сфаќа, дека неговиот изглед не ја намалува неговата добрина. Таа го сака и би се омажила за него.
Нејзините зборови прават магијата да исчезне. Ѕверот се претвора во убав принц.
Убавицата и принцот среќно го продолжуваат животот заедно со таткото и нејзините сестри.



Сцена од „Убавицата и Ѕверот“

Филмскиот мјузикл „Убавицата и Ѕверот” е направен според истоимениот анимиран филм од 1991 година, и ги содржи обработените верзии на сите песни од анимираниот филм.
Премиерно е прикажан на 17 март 2017 година, кога доживува голем успех.




Постер

1.Истражувај за театарски и филмски мјузикли, откриј ги нивните карактеристики, и наведи ги сличностите и разликите.
2.Истражувај за мјузикл од македонските автори.

**Препорака за слушање**:
1. Сцена од салата за бал од филмскиот мјузикл „Убавицата и ѕверот“.
2. „Sounds of music“, „До, ре,ми“ и „So Long farevell“, Р. Роџерс.
3. „Мама миа!“ (Еве ме пак) фрагмент од мјузиклот „Мама миа“-Б. Андерсон.

# „Kelebek“

## „Пеперутка“

(по ноти)

Muzık: Cengız Ibraıhmı
Söz: Neçatı Zekırya




**Превод на македонски јазик**

| „Kelebek“ | „Пеперутка“ |
|---|---|
| 1 .Yel eshkç şan<br>Yaprakları benzıyor<br>Durmadan yourulmadan<br>Daldan dala gezıjorç | Кога дува ветер,<br>наликува на лист.<br>Не се изморува,<br>лета од гранка на гранка. |
| 2. Kanatları ıpektır<br>Benzıyor dokumınka<br>Sancı sancı çıçektır<br>Benzıyor documınkaç | Свилени крилја има,<br>ако ги допреш ќе се расипат.<br>На пролет се отвараат,<br>како живи цвеќиња. |
| 3. Ben onu çok severım<br>Koşup severım<br>Koşup tutmak ısterım<br>Fakat kançar yaramazç | Јас многу ја сакам,<br>да дотчам да ја фатам.<br>Но немирна е, ќе ми побегне.<br>Без да лета не може. |





# Џез музика
# (Jazz)

**Џезот е** музика карактеристична за XX-тиот век, која потекнува од африканските црнци кои се населиле во Америка.

Од својата прататковина Африка ги донеле своите обичаи и својата народна музика. Во новата земја имале допир со народната, црковната музика и други музички форми.

Исклучително музикални со дарба и смисла за импровизација и осет за ритам, американските црнци ја прифатиле музиката од новата средина и ја интерпретирале на свој начин, со големо влијание на афричкиот фолклор.



Уметничка слика



Бенд

Инструментариумот во џезот е многу разновиден. На групата ударни инструменти (тимпани и други удиралки) подоцна се додадени пијаното, контрабасот и гитарата. Групата мелодиски инструменти: труба, тромбон и кларинет, подоцна била збогатена со звукот на саксофонот и вибрафонот.

Во изведбата на џез музиката можат да учествуваат и вокални солисти и ансамбли. Познати имиња на вокални интерпретатори се: Луис Амстронг, Бинг Крозби, Френк Синатра, Реј Чарлс, Сара Вон Фицџералд, Махалија Џексон, Били Холидеј, Барбара Стрејсенд и др.



Френк Синатра

Начинот на изведба е многу индивидуален и премиерен поради импровизацијата која е основна карактеристика на џезот. На почетокот на композицијата се демонстрира темата, која подоцна мелодиски и ритмички варира и се појавува во настапите на сите интерпретатори. Импровизациите се ритмички богати, слободни со присуство на синкопирана мелодија. Овој начин на изведба бара максимална ангажираност и креативност од страна на изведувачот.

## Развој на џезот

### Прв период



Dixieland Jazz Band

Првиот период од 1895 до дваесеттите години на 20 век е наречен Њу Орлеанс стил или **„топол“** џез. Карактеристични правци во тој период се **регтајм** и **блуз**. Се карактеризира со импровизирана мелодија изведувана на европски инструменти: труба, кларинет, тромбон и ударни инструменти.

Американските белци го прифатиле овој стил и почнале да го изведуваат. Така настанал стилот **диксиленд** кој понатаму не останал само стил на белците. Се карактеризира со уште поголема солистичка импровизација на мелодиските инструменти и на група инструменти одеднаш.

### Втор период



Big bend

Чикаго е центарот каде џезот го доживува својот развој. Во периодот од 1920-30 година се појавува свинг центар во Чикаго. Во него се појавува саксофонот како важен мелодиски инструмент. По првата светска војна се шири популарноста на џезот низ цела Америка и Европа. Се формираат многу џез состави **(Big bend)**.

Меѓу познатите групи од овој период е Џозеф „Кинг“ Оливер и групата на **King и Carter Jazzing Orchestra.**

**Big bend-** голем оркестар составен до 20 изведувачи групирани во секции во кои може да има повеќе солисти.



Дјук Елингтон.

Дјук Елингтон (1899-1974) е прв афроамериканец чиј што лик бил втиснат на американска банкнота од 25 центи.

Во тоа време настанува симфониски џез. Големите симфониски џез оркестри свират во големи концертни дворани. Од тој период позната е изведбата на „Рапсодија во сино“ од Џорџ Гершвин.



**Препорака за слушање:** Џ. Гершвин „Рапсодија во сино“.

## Трет период

Во **30-те** години на 20 век се создава нов стил наречен **свинг** кој ќе биде популарна музика за игра. Карактеристично за свингот се големите состави во кои од технички причини импровизацијата веќе не можела да биде заедничка туку се концентрирала на солистите. Џезот од борделите е префрлен во **Карнеги Хол**. Познати претставници од тој период се: **Луис Армстронг** (трубач и пеач) **Бени Гудман** (кларинетист и диригент), **Каунт Бејзи** (пијанист и композитор), **Лајонел Хемптон** (вибрафонист).



**Луис Армстронг „Сачмо“** наречен „Крал на џезот“ имал двојна препознатливост: виртуоз на труба и пеачот со рапавиот глас.
Во една прилика изјавил: „Секоја музика е народна музика“.

Луис Армстронг



Бени Гудман

Дали знаете?

Композицијата „Sing,sing,sing“ на Бени Гудман, американското радио ја прогласило за една од 100 најважни музички дела.

## Четврти период

Почетокот на 40-те години се раѓа нов стил наречен **би-боп (bebop)** карактеристичен по брзото темпо, наменет како музика за слушање а не танцување. Претставници од тој период се: Чарли Паркер (саксофонист), Дизи Гилеспи (трубач и диригент),
Од втората половина на 40-те и 50-те години следат повеќе стилови во џезот: **cool jazz**, со лесен призвук, смирена мелодиска импровизација, без агресивни темпа и хармоничната апстракција на **би-бопот.** Како продолжение на **би боп**, се појавува **хард боп** кој ја враќа темпераментната и виртуозна импровизација. Црковните модуси се основа на мелодијата и импровизацијата на стилот **Модален џез (Modal jazz).** Кон крајот на 50- те години се јавува нов правец наречен „**free jazz“**-авангарда во џезот, специфичен по слобода во интерпретацијата. Претставници: Мајлс Дејвис, Џон Колтрејн, Херби Хенкок, Орнет Коулман.

## Петти период

Во 60-те и 70-те следат нови стилови во џез музиката. Латино џез (**Latin jazz**), кој се базира на ритмовите од африканските и латино-американските земји (bossa nova). По него следат стиловите: Пост боп, соул џез, џез фјужн, џез фанк и други. Претставници од овој период се: Стен Гец, Тони Вилијамс, Чик Кореја, Ал Ди Меола, Стенли Кларк, Џон Меклафлин, Кит Џерет ...



Чик Кореја



Ал Ди Меола



Кит Џерет



## Шести период

Од 80-те години па до денес џезот се движи во сите можни правци, користејќи ги сите придобивки на новата технолошки развиена ера. На музичката џез сцена се присутни следните стилови: Smooth Jazz, Acid Jazz, Nu Jazz, Jazz-Rap, Punk Jazz, Jazzcore и други. Познати изведувачи од овој период се: Шаде, Дијана Крал, Шака Кан, Џошуа Редман, Кени Џи, Џејмс Картер.

Џејмс Картер



Препорака за слушање примери:

1. „Се чувствувам добро“, исполнува Нина Симон.
2. „Секој има потреба од некој“, исполнува Блуз Брадрс.
3. „Колку убав свет“, исполнува Луис Армстронг.
4. „Треска“, исполнува Пеги Ли.

# Џезот во Република Северна Македонија



Драган Ѓаконовски-Шпато

**Драган Ѓаконовски-Шпато** (1931-1987) композитор, аранжер и диригент е легенда на македонската џез и забавна музика. Целиот живот работел на создавање традиција за квалитетна џез и забавна музика во Македонија.

Ги формирал првите професионални џез оркестри во Р С Македонија, и раководел со нив, меѓу кои и Биг бендот на МРТ. Напишал над 3.000 аранжмани и оркестрации, и над 500 забавни и џез творби. Најпознати вокални композиции му се: „Лени“, „Зар вистина е крај“, „Последен ден на разделбата“, „Убава си како музика“ и други. Оркестарската композиција „На игранка“ е прогласена за прва македонска џез композиција.

**Илија Пејовски** е џез композитор, аранжер и диригент. Дипломирал на ФМУ во Скопје а во 1977 година дипломирал на „Berklee College of Music’’, во Бостон, САД. Неговиот творечки опус го сочинуваат повеќе од 70 оригинални композиции и преку 300 аранжмани. Учествувал на повеќе фестивали низ светот. Од 2006-2013 година работел како професор на Факултетот за музичка уметност во Штип, на Одделот за џез – студии. Своите искуства како творец и педагог ги пренел во книгата „Хармонски основи на џезот“.



Илија Пејовски



Кире Костов

**Кире Костов** е македонски композитор и диригент. Во периодот од 1970 до 1988 г. бил прв трубач и солист на Танцовиот оркестар на Радио-телевизија Скопје, а од 1988 година е негов диригент. Автор е на околу педесетина композиции во оркестарска изведба од областа на џезот, и автор на композиции од популарната музика.



Членови на
Танцовиот оркестар на МРТ

# Скопски џез фестивал

**Скопскиот џез фестивал** датира од 1982 година.



Рахиб Абу-Калил
-Скопски џез фестивал

Иако на фестивалот се промовира музика која на прв поглед изгледа далечна од македонската култура и традиција, успева да привлече бројна публика.
Има репутација на престижен фестивал не само во Македонија, туку и на Балканот и Европа.

**Македонски џез интерпретатори**



Тони Китановски



Георги Шаревски



Владимир Четкар

**Тони Китановски** е ученик на Драган Ѓаконовски - Шпато и дипломец на џез композиција на Берклиевото училиште за музика во Бостон. Неговиот музички израз е резултат на истражување и искуства од областа на современиот џез и современата и традиционална музика на светот пошироко.

**Георги Шаревски** дипломирал џез - композиција на колеџот во Беркли, САД. Шаревски соработува со светски познати интернационални музичари со кои има снимено и два албума, и настапува на многу фестивали.

**Владимир Четкар** гитарист од Охрид, живее и работи на Менхетен во Њујорк, како лидер на својот квартет и професионален студиски аранжер и продуцент.

1.Истражувај за истакнати домашни и странски интерпретатори и бендови што настапувале на Џез фестивалот во Скопје.

# Популарна музика

**Популарна музика** е поим кој ја опишува музиката фаворизирана од најголемиот дел од публиката. Често е нарекувана Поп музика, но сепак овој термин поточно се однесува на посебен жанр кој е дел од популарната музика. Се појавува во доцните 50-ти години на 20 век и користи елементи од различни музички стилови: блуз, соул, реге, кантри, електронска музика и друго. Таа го следи трендот и се менува со текот на времето, задржувајќи ги тинејџерите како своја целна публика.

## Стилови на популарната музика

Почетоците на **Рок музиката** се во т.н. "rock'n'roll" ера во 50-те години од 20-от век. Првенствено била наменета за танцување. Забрзано почнала да доминира на музичката сцена и таа улога се задржала до денес. Претставници: Beatles (Битлси), Rolling Stones (Ролинг Стоунс), Elvis Presley (Елвис  Присли), U2, Lenny Kravitz (Лени Кравиц), Kings of Leon (Кингс оф леон)... Македонски претставници: Леб и Сол, Бени Шаќири, Ареа...



Елвис Присли



Металика

**Метал музиката** се појавува во 60-те и 70-те години во Велика Британија и САД. Се опишува како музика на "незадоволните". Овој тип музика е под-вид на рок музиката која што произлегла од блуз-рок и психоделичен-рок.
Претставници: Iron Maiden (Ајрон Мејден), Led Zeppelin (Лед Цепелин), Black Sabbath (Блек Сабат), Deep Purple (Дип Парпл), Metallica (Металика)...

**Рап музиката** е производ на афро-американското малцинство и воопшто развојот на Хип Хоп културата во САД. Прво се појавува во Бронкс, Њујорк. Овој стил е карактеристичен по тоа што изведувачот рецитира текст со рима (рапува) на постоечки ритам или ритмизирана мелодија.
Претставници:
Dr. Dre (Доктор Дре), Tupac Shakur (Тупак Шакур), Snoop Dog (Снуп Дог), Eminem (Еминем), Jay-Z (Џеј Зи), 50 Cent (Фифти Цент), P.Diddy (Паф Деди)... Македонски претставници:Тони Зен, Слаткаристика...



Тони Зен

**Техно музиката** првпат се појавува во Детроит, САД во 80-те години, како производ на популарната електронска музика од 70-те. Се карактеризира со регуларен и константен ритам пропратен со дисторзирани синтетизирани звуци. Денес е позната како клубска музика и особено популарна меѓу младите. Претставници: Derrick May (Дерик Мej), Kevin Sounderson (Кевин Сандерсон), Kraftwerk (Крафтверк)...



Кирил Џајковски

**Поп музиката** се појавува во средината на 50-те години и тоа како помека алтернатива на рок музиката. Се смета за комерцијална музика, често ориентирана кон помладата публика. Основните елементи на овој жанр главно останале непроменети. Со текот на годините, во неа често среќаваме влијание од другите видови популарна музика (рок, рап итн.). Претставници: Michael Jackson (Мајкл Џексон), Backstreet Boys (Бекстрит Бојс), Take That (Тејк Дет), Madona (Мадона).... Македонски претставници: Калиопи, Тоше Проески, Елена Ристевска, Тамара Тодевска...



Тамара Тодевска

**Поимот R'n'B музика**, конкретно во превод значи Ритам и Блуз.Во 1980-тите години, се разви понов стил од РиБ, попознат како привремен РиБ.. Денес повеќе се користи за опишување на афро-американскиот музички стил кој се појавува во 80-те години, после диско музиката. Од неговата појава, па до денес, овој жанр постојано се менува присвојувајќи нови елементи од другите музички стилови: електронска музика, џез и друго. Овој стил е особено популарен денес кај младите. Претставници: Alicia Keys (Алиша Кис), Mary J. Blige (Мери Џej Блајџ), Beyonce (Бијонсе), Usher (Ашер), Justin Timberlake (Џастин Тимберлејк)... Македонски претставници: Јован Јованов, Андријан Гаџа и други.



Алиша Кис



Препорака за слушање:
1 .„Halo„ - Beyonce, „Ореол“, исполнува Бионсе.
2. „Human“ – Reg,n Bone man „Човек“ исполнува Рег ен Боун.

**Хип – хоп** се танцувачки стилови кои најмногу се играат на хип – хоп музика или се дел од хип – хоп културата.
Најпознати стилови на хип хоп музика се: **Брејкинг/б-бојинг, локинг и попинг** кои биле развиени во 1970-те години од страна на црнците и латино американците. Она што го одделува хип – хоп танцувањето од другите стилови е слободниот стил и формални и неформални натпревари за танцување во слободен стил.



JabbaWockeeZ

## Лирски хип-хоп

Лирскиот хип-хоп - „хип-хоп со емоции“ е верзија на новиот стил на хип-хопот, најчесто изведуван во бавно темпо, на рап или R & B музика.
Претставници: Jabbawockeez, New Kids on the Block.........
Модерниот хип-хоп кај нас ја создаде **Хип-хоп операта** (Т/Рап Опера) театарско шоу со оригинална музика која веќе е издадена на албум. **Тино Костадиновски** е присутен на сцената на **Театар Комедија**. Енергичен, прецизен, смешен и суров до болка, тој фантастично го води ова шоу, во кое сјајно му парираат познати хип-хоп ликови.

**„Рокенрол“** е река од музика што содржи многу стилови: Р&Б, џез, рег тиме, каубојски песни, кантри песни, фолк песни“ рекол Алан Фреед.
Рокенролот е музички стил кој се појавува во Америка во доцните 1940-ти и раните 1950-ти. Корените му лежат во Р&Б, кантри, фолк, госпел и џез. Набрзо се проширил низ целиот свет како смерница кон новата модерна рок музика. Класичниот рокенрол најчесто се свири со една или две електрични гитари, контра бас (по средината на 50-тите) или електрична бас гитара и тапани. Претставници: Антоан „Фетс“ Домино, „Хипнотајзед“ „Кјур“, „ЈУ група“, Алан Фрид..........



Ролинг Стоунс



Препорака за слушање:
1. „Промени“ исполнува Ту пак.
2. „Црнила ремикс“ (рап драма) режисер Ј. Симонов, музика Д. Димитровски и Павле Димковски (видео фрагмент).
3 .„Сакај ме“, исполнува Битлси.
4. „Природно“ исполнува Имеџн Драгонс.
5. „Поплава“, исполнува Тејк Дет. 6.„Торнадо“, Елита 5.

## „Imagine“ - „Замисли“

(по слух)

музика и текст Џон Ленон




li - ving for to - day Ah You may say I'm a
li - ving life in peace You
shar - ring all the world You
join us And the world will be as one be as one

# Содржина

"Земјо моја личен крају мој" Д.Шуплевски........................................................1
„Колку прекрасен свет" ..........................................................................................2
„Nënë Terezë, moj nënëz-o"/„Мајко Тереза, мори мајко".......................................3
Знаци за промена на тонската висина...................................................................4
„MANASTIR TÜRKÜSÜ"/„Среде Битола"..................................................................5
Дурски тонски скали..................................................................................................6
Начин на создавање на дурски скали со бемоли ................................................7
F-dur скала...................................................................................................................8
Пеење и свирење мелодиски вежби во F- dur скала............................................9
Хор на селаните од операта „Продадена невеста" Б Сметана ..........................10
„Tanca a mea, Tanca a li dade"/„Танка моја, Танка на мајка"...............................11
Молски тонски скали ...............................................................................................12
d-moll скала природен вид.....................................................................................13
„Ederlezi" /„Едерлези"...............................................................................................14
d-moll скала хармонски вид....................................................................................15
„Развила гора зелена" и „Спомен чешма"...............................................................16
„Ко удара тако позно"/„Кој чука толку доцна"........................................................17
d-moll скала мелодиски вид ...................................................................................18
Мелодиски вежби во F- dur и d-moll скала...........................................................19
Такт и тактови времиња..........................................................................................20
Синкопа......................................................................................................................21
Ритмички и мелодиски вежби со примена на ритмичка особеност синкопа......22
„Момиче мало ѓаволо" и „Заспало моме"................................................................23
Нерамноделен 9/8 такт............................................................................................24
Ритмички и мелодиски вежби со примена на 9/8 такт.........................................25
„Што ми е мило ем драго".........................................................................................26
„Не стој Доне Донке"...................................................................................................27
„O sa gëzim" /„Ох, колку радост"..............................................................................28
Традиција и обичаи на Македонскиот народ ........................................................29
Народните песни дел од традицијата ...................................................................30
Традиција и обичаи кај другите народи во нашата држава...........................31-32
„Alo Dive romano"/ „Дојде ромски ден"....................................................................33
„Cãntic ti protlu avtumubil"/„Песна за првиот автомобил" ......................................34
Свадбен циклус,традиција и обичаи..................................................................35-36
Исламска и албанска свадбена традиција.......................................................37-38
Бошњачка и влашка свадбена традиција..............................................................39
Српска свадбена традиција.....................................................................................40
„Што се боре мисли моје"/„За што се борат мислите мои"....................................41
„Sumrak"/„Квечерина" ...............................................................................................42
Народни носии...........................................................................................................43
Елементи на народни носии......................................................................................44
„На срце ми лежи мила мамо"...................................................................................45
Народна музика во модерни музички жанрови ...............................................46-47
Филмска музика........................................................................................................48
Цртани филмови .......................................................................................................49
Филмска музика од домашни автори......................................................................50
„Трето полувреме"......................................................................................................51
Филмска музика од странски автори.......................................................................52

Музичко – сценски дела....................................................................................53
Опера...................................................................................................................54
Клаудио Монтеверди...........................................................................................55
Развојни фази на операта...................................................................................56
Создавање  подготовка и изведба на оперското дело.......................................57
Либрето, композитор ...........................................................................................58
Вокални интерпретатори.....................................................................................59
Хор.......................................................................................................................60
Океставрот во операта, диригент, корепетитор, режисер.....................................61
Сценограф, костимограф.....................................................................................62
Опера „Аида“ од Џузепе Верди.......................................................................63-65
Развојот на операта во Македонија...................................................................66
Опера „Деспина и мистер Докс“ Д. Бужаровски..............................................67-68
Оперета...............................................................................................................69
Јохан Штраус и оперетата „Лилјакот“.............................................................70-71
Балет.................................................................................................................72-73
Термини во балетот............................................................................................74
„Лебедово езеро“ Петар Илич Чајковски .......................................................75-77
„Лабин и Дојрана“ Трајко Прокопиев...............................................................78-79
Мјузикл................................................................................................................80
„Убавицата и ѕверот“ филмски мјузикл – Алан Менкен..................................81-83
„Kelebek“/„Пеперутка“.........................................................................................84
Џез музика...........................................................................................................85
Развој на џезот.................................................................................................86-88
Џезот во Македонија............................................................................................89
Скопски џез фестивал..........................................................................................90
Популарна музика..............................................................................................91-93
„Замисли“, музика и текст Џон Ленон..............................................................94-95

